СТЕФАН ПЕТРУШЕВ

# АНТИСЕМИТСКИ ПОЈАВИ И ПРОЦЕСИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1919–2018)



**М-Р СТЕФАН ПЕТРУШЕВ**

# АНТИСЕМИТСКИ ПОЈАВИ И ПРОЦЕСИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1919 – 2018)

**Битола, 2023 година**

М-Р СТЕФАН ПЕТРУШЕВ

# АНТИСЕМИТСКИ ПОЈАВИ И ПРОЦЕСИ ВО ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (1919 – 2018)

*Рецезенти*

проф. д-р Теон Џинго

проф. д-р Драгица Поповска

проф. д-р Тодор Чепреганов

*Главен и одговорен уредник*
Стефан Петрушев

*Лектор*
проф. д-р Лидија Тантуровска

*Дизајн на корица*
Графо Пром – Битола
*Издавач*
Графо Пром-Битола

*Печати*

Графо Пром – Битола

*Место на печатење*
Битола

*Место и година на издавање*
Битола, 2023

*Тираж*
20

# СОДРЖИНА

**Предговор...........................................................7**

**Вовед...........................................................13**

**Прва глава**

**Евреите во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1941)...........................................................27**

1.1.Евреите во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1941)...........................................................27

1.2. Односот меѓу Евреите и другите етнички заедници и антисемитските појави во Скопје, во Битола и во Штип...........................................................49

**Втора глава**

**Бугарското антисемитско законодавство и депортацијата на македонските Евреи (1941 – 1944)...........................................................68**

2.1. Бугарската окупација и поделбата на Македонија.................................................................68
2.2. Антисемитското законодавство во Бугарија и во окупираните територии..........................................83
2.3. Депортацијата на македонските Евреи и ликвидацијата на еврејските имоти..........................106
2.4. Учеството на локалното население во процесот на продажба и на рушење на еврејските имоти ......134

**Трета глава**

**Обновувањето на еврејските општини во Македонија и опстојувањето на еврејската заедница (1945 – 2018).............................................147**

3.1. Обновување на еврејските општини во Македонија...............................................................147
3.2. Процесот на иселување на преживеаните Евреи во Израел..................................................................162
3.3. Прекинот на југословенско-израелските дипломатски односи и рефлексиите во македонското општество..................................................................172
3.4. Антисемитски појави и процеси во Република Македонија (1991 –2018)..........................................188

**Заклучок...........................................................................201**

**Користени извори и литература.............................208**

# Предговор

Антисемитизмот претставува систем на предрасуди или омраза кон Евреите. Тоа е процес, кој успева постепено да се модифицира и да се прилагоди во различните облици на владеење. Главно, постојат три манифестации на антисемитизам: пагански, христијански и модерен. Паганскиот антисемитизам се темели на верската различност на Евреите од другите народи. Христијанскиот антисемитизам е поттикнуван од клевети дека Евреите ја користеле крвта на христијанските деца за ритуални цели, односно дека Евреите се одговорни за смртта на Исус Христос. Додека, пак, за разлика од претходните, модерниот антисемитизм се темели на расни премиси, кој се појавува како последица на националните чуствадека Евреите се група народ, кој се разликува од другите народи според своите: култура, јазик и религија. Односно, според модерниот антисемитизам, Евреите се сметаат за инфериорна раса поради

каракеристиките на крвта во гените. Токму таквите различности придонеле за создавање на стереотипи за Евреите дека се многу богати луѓе, кои владеат со трговијата и го контролират светот преку финансиите, дека ја контролираат филмската индустрија во Холивуд и медиумите во светот. И токму затоа антисемитизмот е појава, која успешно се прелагодува на времето и на просторот.

Во македонската историографија антисемитизот, како појава, е истражуван спорадично, најчесто во неколкуте монографии, кои се фокусираат на животот на Евреите во Македонија. За оваа проблематика постои една исклучително значајна колекција видеоматеријали во сопственост на Меморијалниот музеј на холокаустот од Вашингтон, во Соединетите Американски Држави (United States Holocaust Memorial Museum), во која доминираат сведоштвата, кои се осврнуваат на стравот што постоел кај интервјуираните лица поради наративот дека Евреите ја користеле крвта на христијанските деца за ритуални цели. Она што го

има во сведоштвата се забележува и во делото на Жени Лебл, *Плима и Слом*[1]. Во македонското општество постојано се тврди дека тоа е имуно на антисемитизмот, меѓутоа, под површината, постоеле и сѐуште постојат бројни антисемитски појави и процеси.

Досега за историјата на Евреите во Македонија се напишани голем број монографии, научни статии и зборници на документи. Од оние што ѝ пристапиле и ја обработувале, најпрвин треба да се спомене основно положникот на проучувањето на животот и на културата на Евреите во Македонија, академик Александар Матковски. Потоа, би требало да се споменат: Жамила Колономос, д-р Вера Весковиќ-Вангели, д-р Тодор Чепреганов, д-р Теон Џинго, д-р Скендер Асани и други. За создавање на ова дело голем број информации зедов од зборниците на документи: „*Евреите во Македонија во Втората светска војна*“, во два тома, во редакција на Вера Весковиќ-Вангели и на Жамила Колономос, од 1986

[1]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом.*

година, во издание на Македонска академија на науките и уметностите, Скопје; „*Депортирането на Евреите от Вардарска Македония, Беломорска Тракия и Пирот, март 1943 година*“*,* составен и редактиран од Надја Данова и од Румен Аврамов, исто така во два тома, од 2013 година, издаден од страна на Бугарскиот хелсиншки комитет, во Софија; зборникот на документи: „*Базичното антисемитско законодавство на Царството Бугарија*“, во редакција на: Скендер Асани, Нора Малиќи Зулали и Владо Поповски, издаден во 2020 година од страна на Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, како и зборникот на „*Документи*“, во редакција на Натан Гринберг, од 1945 година, објавен од *Централниот конзисториум на Евреите во Бугарија*–Софија. Исто така треба да се нагласат и зборниците со статии „*Евреите од Македоија и холокаустот: историја, теорија, култура*“ од 2011 година, во издание на Евро Балкан Пресс – Скопје, како и „*Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943 година*“, издаден во 2016 година, од страна на Дипломатскиот клуб – Скопје.

Целата оваа литература и документите претставуваат одличен сегмент за создавањето на овој труд. И секако, покрај овие извори за изработка на трудот, од голем придонес беа и прашалниците направени со проф. д-р Тодор Чепреганов и со Викторија Саркисјан.

Поттикнат од наративот за плашењето на малите деца со „страшните Евреи“, сфатив колку многу замижуваме пред антисемитските појави. Она што е уште поважно е дека вааквите случаи иако не потекнуваат изворно од овие простори, биле пренесувани од генерација на генерација. Токму тоа е идејата за создавање на овој труд бидејќи е факт дека не постои научен труд чиј што фокус бил насочен токму кон оваа негативна појава.

На крајот на овој Предговор би сакал да се заблагодарам на следните лица, кои, со своите одговори, ми помогнаа во процесот на изработка на овој труд.

Неизмерна и огромна благодарност би сакал да им укажам на проф. д-р Тодор Чепреганов од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и на Викторија Саркисјан, припадник на еврејската заедница во Македонија и секако, на мојот ментор, проф. д-р Теон Џинго, кој постојано ми даваше поддршка и совети да го напишам овој труд, најдобро што можам.

# Вовед

Антисемитизмот, именуван како „*најдолга омраза*“, во различни облици успешно опстојувал повеќе од две илјади години. Сѐ до XIX век то јбил именуван како антијудаизам, а потоа, во 1879 година Вилхелм Мар[2] го создава терминот антисемитизам, преку кој ги опфатил сите сегменти на омразата кон Евреите. Во првиот милениум од христијанската ера водачите на христијанската (католичка) вера развиле еден стереотип – дека Евреите биле одговорни за распнувањето на Исус Христос. Настојувајќи да ги задржат своите верувања и култура Евреите станале носители на единствената малцинска религија. Ваквите учења биле основа врз кои се изградила омразата.[3]

[2]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/antisemitism, (посетена на 23 јули во 2021 г.)
[3]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/antisemitism-in-

Првиот случај на таканаречена „крвна клевета“ во Европа е забележан во 1144 година. Евреите од Норич, Англија, биле обвинети за ритуално убиство на едно младо момче Вилијам, кое било прободено до смрт. Се тврдело дека Евреите од Норич го зеле детето пред Велигден и го измачувале, а во петокот (пред Велигден) го обесиле. Следни случаи биле евидентирани во: Глостер, Англија (1168), Блуа, Франција (1171), Сарагоса, Шпанија (1182), Бристол, Англија (1183), Фулда, Германија (1235), Линколн, Англија (1255) и Минхен, Германија (1286). Митот за еврејската потреба од христијанската крв се ширелниз средниот век, комбинирано со обвинувањата за труење од страна на Евреите за време на црната смрт[4] во средината на XIV век. До XV век мотивот веќе бил вообичаен за цела западна и централна Европа.

history-from-the-early-church-to-1400?series=30, (посетена на 23 јули во 2021 г.)

[4]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/antisemitism-in-history-from-the-early-church-to-1400?series=30, (посетена на 23 јули во 2021 г.)

Германскиот теолог Мартин Лутер[5] уште повеќе го продлабочил обвинението за крвната клевета објавувајќи го своето дело (во 1543 година) „*За Евреите и нивните лаги.*[6]" До XVII век ваквите крвни клевети се прошириле и во Источна Европа, особено во Полска и во Литванија. Во 1690 година шестгодишно момче, по име Гаврил Белостоски, било киднапирано. За тоа бил обвинет еден Евреин, по име Шутко. Подоцна, момчето било прогласено за светец во руската православна црква. Почнувајќи од XIX век, со постепеното повлекување на османлиите од Балканот исо создавањето на националните држави на Балканот само ја усложнило положбата на Евреите и ги изложило на нова форма на антисемитизам. Елиминацијата на ограничувањата ги направило Евреите да бидат повеќе ангажирани политички.

[5]Германски теолог и клучна фигура во протестанската реформација. United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection,достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/blood-libel, (посетена на 1 септември во 2021 г.)
[6]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection,достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/blood-libel, (посетена на 23 јули во 2021 г.)

Антисемитските политички партии користеле антисемитски реторики за да добијат на гласови. Публикациите (како што е: „Протоколите на сионските мудреци“), кои, прв пат, се појавиле во Русија во 1905 година, генерирале поддршка за теориите за меѓународен еврејски заговор. Носителот на Нобеловата награда за мир, Ели Визел,запишал: *„Ако некогаш некое дело може да предизвика масовна омраза, тоа е ова ... оваа книга зборува за лаги и клевети.*“[7] Во модерната ера антисемитите дале политичка димензија на нивната идеологија на омраза. Во последната третина на деветнаесеттиот век дошло до формирање политички партии во: Германија, Франција и Австрија, кои, меѓу другото, пропагирале антисемитизам.[8]

[7]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/protocols-of-the-elders-of-zion, (посетена на 1 септември во 2021 г.)
[8]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/antisemitism?series=30, (посетена на 23 јули во 2021 г.)

Во 1919 година доаѓа до формирање на Националсоцијалистичка германска работничка партија, позната и како Нацистичка партија,на чие чело во 1921 година застанал Адолф Хитлер. Нацистичката партија, во континуитет, се здобивала со популарност поради нејзините програмски цели, а меѓу другото и поради ширењето на антиеврејската пропаганда. Поразот во Првата светска војна за нацистите бил неприфатлив, а причините ги барале во светскиот заговор, зад кои божем стоеле еврејските банкари. Евреите биле претставени како извор на различни: политички, социјални, економски и етички проблеми, со кои се соочувал германскиот народ. Исто така  биле користени и постари расистички социјални, економски и религиозни слики. Со доаѓањето на власт, нацистите усвоиле низа мерки за исклучување на Евреите од германскиот економски, социјален и културен живот. Втората светска војна им овозможила на нацистите да го извршат се опфатното „конечно решение на еврејското прашање“, кое предвидувало елиминирање на сите Евреи во Европа. Нацистите ефективно ја искористиле клеветата за крв,

за да ги демонизираат Евреите, благодарение на весникот „*Дер Штурмер*“, во кој користеле слики за ритуалното убиство, за спроведување на антисемитичката пропаганда. Нацистите верувале дека Германците се членови на супериорната ариевска група, која себеси се сметала за „*расно супериорна*“, а Евреите ги сметале за „*инфеиорни*“, т.е. дека претставуваат закана за германската расна заедница. Ноќта меѓу 9 и 10 ноември во 1938 година во Германија, под паролата: „*Евреите се наша несреќа*“, деведесетина Евреи биле убиени, стотици синагоги биле делумно или целосно уништени, речиси сите излози по продавниците на Евреите биле искршени, а 30000 Евреи (мажи) биле однесени во концентрационите логори: Бухенвалд, Дахау и Захсенхаузен,голем број од еврејските надгробни споменици биле урнати, а гробовите –вандализирани. Исто така, биле палени огнови во кои биле фрлани свитоци, молитвеници и филозофски и уметнички текстови. Овој настан познат како „*Кристална ноќ*“ ќе го означи првиот чекор кон она што денеска го нарекуваме холокауст. Злосторствата извршени за

време на холокаустот иако нецелосно, во поголем обем ги уништиле еврејските заедници во Европа. Холокаустот е најекстремен пример за антисемитизам во историјата.[9]

Обвинувањата за клевети често пати доведувале и до прогони на Евреите.Во XV век, во 1492 и во 1498 година, се случило прогонувањето на Евреите од Шпанија и од Португалија. Евреите главно се упатиле во два правци: едните се населиле на подрачјето на Блискиот Исток, а другите отишле во европскиот дел на Османлиската Империја, на Балканскиот Полуостров, а оттука и на територијата на Македонија.[10] Практично антисемитските појави на ова тло потекнуваат од тој период, но нивниот интензитет варира. Чувството на омраза било присутно во секоја од балканските држави. Во 1502 година во Дубровник Евреите биле обвинети дека

[9]United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection, достапно на https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/antisemitism?series=30, (посетена на 24 јули во 2021 г.)
[10]Ѓоргиев, Д. (2014). *Македонските Евреи во османлиските пописи од XVI и од XIX век*, Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје, стр. 3.

извршиле убиство на една старица „*за ритуални цели.*" Двајца Евреи му подлегнале на мачењето, четворица биле запалени на клада, а четворица, кои биле протерани, нашле засолниште на територијата на Османлиската Империја. Во 1622 година во Дубровник бил започнат судски процес против Евреинот Јицхак Јешурун, под обвинение дека наговорил некоја жена да убие едно девојче пред празникот Сукот. По неверојатните тортури на кои бил изложен, било докажано дека не е виновен.[11] Во Јамбол во 1898/1899 година евреинот Бохор Шишеџи бил обвинет за ритуална афера. За таа цел се појавиле статии во весниците во кои се пишувало дека Евреите заслужуваат смрт. Сепак, откако Рафаел Камхи[12] ја споделил веста со Борис Сарафов[13] и Ѓорче Петров,[14]

[11]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр.108.
[12]Македонски револуционер од еврејско потекло, учесник во македонското револуционерно движење.
[13]Македонски револуционер, водач на Врховниот македонски комитет (ВМК) и член на Тајнатамакедонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО). (За време на Илинденското востание бил член на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ.)
[14]Македонски револуционер, професор, историчар, публицист и член на Централниот комитет (ЦК) на Македонската револуционерна организација (МРО).

тие решиле да ја преземат работата во свои раце и заминале кај Никола Генадиев[15] и го замолиле да преземе некакви мерки во врска со ова. За таа цел Борис Сарафов, Ѓорче Петров и Никола Генадиев отишле кај премиерот на Бугарија, Константин Стоилов, и му објасниле дека ако, поради една таква лажна вест, бидат прогонети Евреите, Бугарија ќе биде обвинета од цела Европа. Веднаш по разговорот, министерот му забранил на уредникот на редакцијата, Никола Ризов[16], да пишува против Евреите. За да се расчисти работата докрај, Хр. Џангозов, кој бил близок пријател на Ѓорче Петров и на Борис Сарафов, наредил, еврејската општина да испрати тројца повидни Евреи кај него. За таа цел дошле Јомтов Семах, Хаим Криспин и Челеби Нафтали. Во разговорот со Џангозов сеувидело дека се работи за чесен човек и дека целата работа настанала од тоа

[15]Истакнат бугарски новинар, адвокат, публицист, лидер на Народната либерална партија и пратеник во Народно собрание на Бугарија. За време на власта на Народната либерална партија бил министер за правда, а подоцна и министер за трговија и земјоделство.

[16]Уредник на редакцијата на печатот. (Учествувал во основањето на Сојузот на бугарските конституциони клубови.)

кога една мајка, со своето дете, отишла во дуќанот на Бохор Шишеџи да купи нешто, но жената случајно скршила нешто, за што тој посакал тоа да му биде платено и за таа цел го задржал детето, додека мајката отишла да побара пари. Откако била расчистена целата ситуација, следниот ден Бохор Шишеџи бил ослободен.[17]

Евреите што живееле во Македонија од античкиот период, наречени Романиоти,[18] ги отвориле своите домови и ги прифатиле браќата – дојденци, на кои им преостанала само традицијата. Нивното иселување од Пиринејскиот Полуостров имал позитивен и негативен аспект. Зад себе го

[17]Камхи Р. (2013).Спомени на един Евреин македонски революционер, София, стр. 31-34.

[18]Историјата на Евреите на Балканот е стара повеќе од 2000 години, а најпрвите доселеници Евреи се токму Романиотите (се однесува на Евреите, кои се наоѓаат на територијата на Османлиската Империја уште од времето на Византија), кои најпрвин се доселуваат во Солун, а потоа се прошируваат низ Балканскиот Полуостров. Нивниот јазик е јудео-грчкиот, мешавина од хебрејски и грчки јазик, а со доаѓањето на Сефардите во XV век, нивното влијание се намалува и по извесен период тие и речиси се претопуваат во Сефарди. Денеска единствена мала еврејска заедница на Романиотите се наоѓа во Њујорк, а нивното потекло води од Јанина, Грција. Жени Лебл, *Плима и слом*…, 3.

оставиле сето свое материјално наследство, своите синагоги и училиштата, домовите и огништата. Единственото што им останало било традицијата и дел од културното и од духовното наследство. Но, времето си го направило своето. Бегалците успеале да се интегрираат и да пуштат длабок корен. Една од главните причини зошто Евреите од Пиринејскиот Полустров ја избрале територијата на Османлиската Империја е поради фактот што Османлиите покажувале толеранција кон немуслиманите и им овозможувале да имаат своја културна и јазична автономија, па затоа таа претставувала вистински простор да продолжат да ги негуваат својата култура, јазик и да ги продолжат врските со своите сонародници, кои останале во Западна Европа. Евреите се наоѓале на поголемо интелектуално ниво, знаеле повеќе јазици и биле вешти трговци и сигурни претприемачи, што за Османлиите претставувало голема корист и благосостојба. Доселувањето на Евреите од Пиринејскиот Полустров значело вистински препород за  Османлиската Империја. Благодарение на нивното високо културно ниво, а

бидејќи и бројно биле надмоќни, наместо да ги прифатат обичаите на староседелците, им ги наметнале своите и настанало мешање во кое доминирале сефардските елементи. За Романиотите најмногу привлечен бил начинот на којшто се изведувале сефардските ритуали, за разлика од Ашкеназите[19], кои не го прифатиле таквиот начин.

Првиот случај на забележан антисемитизам на територијата на етногеографска Македонија е поврзан со солунската печатница на Теодосија Синаитски[20], каде што била испечатена една книга со наслов: „*Служение еврејско и все злотворение нихно*"... Автор на книгата бил романскиот монах Неофит.[21] Книгата предизвикала голем интерес и била преведена на народен јазик во 1837 година од страна

[19]Група Евреи што се населуваат во вардарска Македонија во текот на XVII иXVIII век. (Главно се сместени во поголемите градови, но во помал број. Колономос, Ж.-А., *Движењето на отпорот и Евреите од Македонија…*, 6.)

[20] Хаџи папа Теодосија, архимандрит Синаитски,е првиот македонски печатар, кој предизвика национална и културна преродба на македонскиот народ. Преведува разни богослужбени текстови од грчки на македонски јазик.

[21]Харалампие, П. (1989). Никулците на новата македонска книжевност, Скопје, стр. 275.

на прилепскиот учител Ѓорѓи Самуркаш и од Натанаил Стојанович. Книгата била испечатена во повеќе примероци во споредба со бројот на претплатници, според сеќавањето на ваташкиот учител Костенцев, кој, во 1865 година на таванот на куќата на даскал Камче, видел многу примероци од тоа издание. Причината зошто оваа антисемитска книга, која шири омраза против Евреите наишла на толкава популарност може да се лоцира во фактот што во тоа време во Македонија во поголемите градови цутела економијата, а најголем дел од неа се наоѓала во рацете на Евреите. Станувало збор за легендата дека Евреите, во своите ритуални обреди, како причесна, употребувале крв од христијански деца. Според наративот, Евреите фаќале христијански деца и ги затворале во буриња, кои одвнатре имале шајки и игли. При тркалањето на таквото буре, детето паѓало на шајките и крвта му течела. Тркалањето траело сè додека неумрело детето.[22]

[22]Исто,стр. 278.

Таквите обвинувања и нападите врз еврејското население во Македонија се забележуваат и во периодот меѓу двете светски војни, а својот максимум го достигнале за време на Ворaта светска војна кога, во 1941 година, Македонија, била окупирана од страна на фашистичка Бугарија. Веднаш по окупацијата бугарските власти пристапиле кон примена на бугарскиот „*Закон за заштита на нацијата*“ (чијашто основа биле Нирнбершките закони од 1935 година), кој бил потпишан на 21 јануари 1941 година од страна на цар Борис. Со окупацијата на вардарскиот дел на Македонија исо примената на бугарскиот „*Закон за заштита на нацијата*“, Македонците станале Бугари, српските колонизатори биле протерани, а Евреите ги изгубиле своите граѓански права. Таквите ограничувања на правата на Евреите претставувало само прво скалило кон конечната цел, односно кон нивната депортација и физичка ликвидација.

# Прва глава
# Евреите во вардарскиот дел на Македонија (1919 – 1941)

## 1.1. Евреите во вардарскиот дел на Македонија

## (1919 – 1941)

По завршувањето на Балканските и на Првата светска војна,во согласност со Версајскиот мировен договор, вардарскиот дел на Македонија се нашол во рамките на новоформираното Кралство на Србите, Хрватите и Словенците. Делот на Македонија, кој се нашол во составот на Кралството на СХС, бил именуван како Јужна Србија.[23] Српската влада ја зацврстила својата власт во новоокупираните краеви

[23]Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,* стр. 47.

и се грижела за редот и за поредокот. И Евреите почнале да чувствуваат поголема сигурност, но останала загриженоста за нивната егзистенција. И покрај тоа што станале српски поданици, Евреите не можеле лесно да се приспособат кон новата ситуација, особено оние постарите, кои, во краток временски период, доживеале неколку промени во контекст на обликот и на улогата на цетралната и на локалната власт, а нивната економска состојба била се полоша. Помалите трговци почнале да пропаѓаат. Цената на стоката пораснала за 4-5 пати поради даночната стапка за Србија, а нивните најдобри купци, Турците, биле прогонети или се иселиле во новосоздадената турска држава. Исто така, од власта стигнала наредба дека не смее да се тргува во недела и за државните празници на Србија, со што Евреите биле принудени да не работат два дена во седмицата,и во сабота – според законите на својата вера, а во недела – по наредба на власта.

Во овој период на просторот на вардарска Македонија опстојувале три еврејски вероисповедни општини. Најголемата еврејска вероисповедна

општина се наоѓала во градот Битола, а по неа следеле општините во градот Скопје и градот Штип. Овие еврејски општини немале политички, туку хуманитарен, верски, културно-просветен и пред сè, национален карактер. Како главна цел, во склоп на своето работење, тие вероисповедни општини го имале негувањето на еврејските култура, јазик и религија.

Според пописот во Југославија, направен на 31 март 1931 година, во Битола имало 757 еврејски домови со 3 751 член. Во 1932 година битолскиот рабин Аврам Романо во „Јеврејски глас“ објавил дека во градот имало 823 еврејски семејства со 3 603 души, од кои 86 биле богати, 139 средноимотни, 267 сиромашни и 331 без никакви средства за живот. Според занимањата, 127 биле неквалификувани работници, 101 амал (носач), 69 ситни трговци, 62 крпачи на стари чевли, 61 зарзаватчија, 56 продавачи на стари работи, 47 трговци, 19 шнајдери-крпачи, 19

лимари, 10 опинчари и сл.[24] Леон Камхи и рабинот Романо, во Битола, ги повикале лидерите на еврејската заедница на Југославија за да се уверат на самото место за состојбата на градот и за оправданоста за барањето помош. На 31 мај во 1932 година делегатите тргнале во разгледувањето на еврејските квартови, а истиот ден делегацијата одржала седница со претставниците на еврејската градска заедница. Леон Камхи одржал реферат во кој рекол: *„Нашата заедница доживува процес на опаѓање. Економската состојба на повеќето постоечки 800 семејства во Битола е застрашувачка. Од ден на ден ни се појавуваат нови групички декларирани семејства за кои овде нема опстанок, а Еврејската општина и општеството се целосно немоќни на самото место да најдат лек за новата неснослива ситуација... 90% од нашите мечтаат за емиграција. Тешката состојба во градот, каде што сè повеќе и повеќе се појавуваат безработници што не можат да најдат ниту*

[24]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр. 235.

*најобично вработување, им задава голема и сериозна грижа на меродавните фактори на нашата заедница, и должност ни е најсериозно да се фатиме со ова горливо прашање.*“[25][26] Во својот извештај рабинот Аврам Романо исто така ја опишува тешката состојба на Евреите во Битола: „*Многу од трговците не биле стручни во полето на трговијата. Чевларите не знаеле да прават нови чевли, туку само поправале стари чевли. Шнајдерите не можеле да сошијат нов костум, туку само користеле игла и конец за да закрпат облека. Сопственците на дуќани кои ги изгубиле нивните имоти започнале да земаат под закуп мали градини и да одгледуваат овошје и зеленчук.*“[27]

Според статистичките податоци, од 1941 година, од вкупниот број Евреи, кои живееле во Македонија, во Битола имало 1181 семејство, во Скопје – 810, во Штип – 140, а во другите градови –

[25]Исто, стр. 238.
[26] Цитатите се преземени во оригинал, со сите јазични и други пропусти.
[27]Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,* стр. 53.

19 семејства, или вкупно – 7762 лица. За време на окупацијата на вардарска Македонија од страна на фашистичка Бугарија, бројот на Евреи се зголемил за околу 300, со што вкупниот број Евреи во Македнија, во 1941 година, изнесувал околу 8 000 лица. Од вкупниот број Евреи во Македонија, 43% живееле на територијата на Битола.

Битолската вероисповедна општина под своја закрила ги имала сите Евреи, кои живееле на административната територија на градот Битола, односно, преку неа, сите Евреи биле заштитувани и ги остварувале своите права во општеството. Еврејските заедници имале свој правилник за работа, во кој јасно и прецизно биле дефинирани нивната цел, нивната дејност и раководните тела. Битолската еврејска општина имала: свое општинско собрание, свој општински одбор, општински совет и свое претседателство. Меѓутоа, и јасно, и прецизно, е дефинирана и улогата на рабинот, кој претставувал врховен поглавар, учител и советник за верски прашања. Еден од поистакнати рабини во периодот меѓу двете светски војни бил рабинот Шабатај Џаен,

којшто работел во Битола, во периодот од 1924 до 1928 година, кога и официјално Битолската еврејска вероисповедна општина останала без рабин. Меѓутоа, во 1931 година рабинот Аврам Романо се преселил од Сараево во Битола и ја продолжил неговата примарна цел, односно да го зајакне младото ционистичко движење. Во 1924 година еврејската заедница во Битола останала без учител за хебрејски јазик, па за таа цел се обратила до Светската сефардска федерација во Ерусалим. Во писмото, кое било испратено до Светската сефардска федерација во Ерусалим на 21 август 1924 година, биле наведени два услови. Прво, дека платата немало да биде помала од онаа на учителите во Бугарија и второ, дека патните трошоци на учителот требало да бидат платени од нивна страна. Од страна на Комитетот за образование била препорачана учителката Леа Бен-Давид со што еврејската заедница во Битола била задоволна. На 25 ноември во 1925 година битолскиот рабин Џаен испратил писмо до Светската сефардска федерација во Ерусалим, во кое изразил задоволство во врска со учителката Леа Бен-Давид: „*Има многу новини во*

*градот во врска со институциите, посебно во врска со напредокот во однос на хебрејскиот јазик. На Ханука, ќе го славиме празникот Макабес и сè ќе биде по еврејски. Ќе ја прикажеме драмата Дебора во три дела. Звуците на говорниот хебрејски јазик започнуваат да се слушаат по улиците на Монастир. Сето ова благодарение на интензивната работа на учителката која ни ја испративте и која продолжува да работи со целата своја сила*."[28] Сепак, учителката Леа Бен-Давид, во служба на еврејската заедница во Битола, останала само една учебна година од 1924 до 1925 година, со што по тоа еврејската заедница останала без учител за хебрејски јазик. Сите останати обиди да се пронајде нов учител биле безуспешни. Во 1932 година рабинот Романо дал опис за училишниот систем и за успехот на еврејските деца во Битола: „*Од 120 хебрејски ученици во основното училиште, само 4-5 стигнуваа до највисок клас. Во 1932 година 42 ученици беа дисквалифицирани за прво одделение во основното училиште поради неположување на*

[28]Исто*,* стр. 78.

*приемниот испит, бројка која претставува повеќе од две третини од тестираните.*" Според него, најголема причина за неуспехот било непознавањето на српскиот јазик и лошите услови на децата.[29] Сепак и многу еврејски семејства не биле во состојба да ги школуваат своите деца и веднаш штом малку ќе одраснеле синовите, го испраќале на улица да продава овошје, семки и др., додека, пак, ќерките работеле како слугинки кај побогатите семејства. Дури и оние што го посетувале училиштето, со големи жртви на родителите, немале ниту едно мирно и слободно катче, каде што можеле да ги изработат домашните задачи.[30] Родителите што немале средства, ги испишувале своите деца од училиштата, а многу од учениците биле исклучени и поради слабиот успех. Оние малкуте што го посетувале училиштето, според сеќавањето на Крстевска Вера, биле мирни и повлечени, најчесто седнати во последните клупи.[31]

[29]Исто*,* стр. 55.
[30]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр. 290.
[31]Vera Krstevska interviewed by Teon Dzingo, Bitola, June 03, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на

Од Извештајот на „*Одборот на еврејската вероиповедна општина во Скопје*“ во периодот од 1936 до 1939 година може да се добие слика за оваа заедница, за која се издвојувале 12% од вкупниот буџет. Друштвото „Бикур холим“[32], кое се залагало за сиромашните и за болните членови, годишно трошеле околу 40 000 динари. Друштвото „Матанот лаевјоним“ се залагало за исхрана на сиромашните деца, каде што дневно се хранеле преку 30 дечиња. Во 1939 година, за таа цел, друштвото потрошило околу 23 000 динари. Друштвото „Малбиш арумим“ се залагало за облекување на децата на сиромашните членови. Така, во 1939 година биле облечени 76 деца и биле потрошени околу 13 000 динари. Што се однесува до друштвото „Херва кадиша“, кога започнало да работи во 1939 година, имотот изнесувал 42 124 динари. Исто како и во Скопје, и Битолската вероисповедна општина, под своја

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84380, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[32] Називите на друштвата се земени онака како што ги најдовме во литературата.

закрила ги имала сите Евреи, кои живееле на административната територија на градот Битола, односно, преку неа, сите Евреи што живееле таму, ги остварувале своите права во општеството. Еврејската заедница имала свој правилник за работа во кој јасно и прецизно биле дефинирани: нивната цел, нивната дејност и секако раководните тела. Битолската еврејска општина имала: свое собрание, општински одбор, општински совет и свое претседателство. И во Битолската еврејска верска заедница биле спроведувани низа хуманитарни акции и за таа цел имала формирано повеќе фондови. Фондот „Бикур холим" служел за давање парична помош на оние семејства што, поради болест на домаќинот, кој ги издржувал, останале без приходи. Фондот „Озер далим" служел само за лекување болни. Фондот „Матанот леавјоним" служел за подобрување на исхраната на бедните еврејски ученици, а Фондот „Малбиш арумум" служел за облекување на сиромашните Евреи.[33] Средствата за овие фондови

[33]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр. 230–232.

биле обезбедувани од доброволниот данок, познат под името *пехе*, кој го плаќал секој Евреин, според своите материјални можности. Од овој данок бил обезбедуван огрев за сиромашните Евреи преку зимата или било купувано брашно, особено заденовите на еврејските празници.

Во 1936 година Југословенската ционистичка организација одлучила да ја истражи состојбата на Евреите во Битола и го испратила Рудолф Бухвалд, генералниот секретар на Ционистичката асоцијација. Тој ги опишува луѓето на следниот начин, со што ја дава можеби најдобрата слика: *„Постарите се држат до нивните мудрости и од нивните очи може да се види мудроста на староста. Евреите носеа кафтани и фесови на аристократски начин. Многу од нив носеа парталави алишта, остатоци од униформи на разни војски кои поминале низ тие подрачја: турски, бугарски, српски и германски. Тие беа сведоци на транзиции, револуции и војни кои се водеа во нивните места. На нив влијаеле разни култури: древната византиска и грчка, подоцнежната турска, албанска, српска и бугарска. Секој од нив*

*остави свој белег врз Евреите. Сепак тие ја одржаа својата култура и ги задржаа своите карактеристични особености како никој друг.“*[34]

Во своето дело „Плима и слом“, Жени Лебл ги опишува битолските Евреи на следниот начин: *„Повеќето живееле во руинирани нехигиенски куќи и во куќи пред распаѓање. Во секоја собичка живеело по едно повеќечлено семејство. Зиме и во дождливите денови, морало да се живее во нив, но кога доаѓале убави денови, сите спиеле пред куќите зашто од спарина и од стеници не се издржувало внатре. Во најсиромашниот дел, наречен Чифтлик (Битола), се наоѓала голема наемна зграда висока околу 3 метри, каде што живееле 15 семејства со околу 80 жители. Децата биле бледи и болежливи, со надуени стомаци, ги косела маларија, а рахитисот не им го дозволувал природниот развој. Жените биле „гушави“, бледи, со длабнати очи и со отечени слезина. Мажите суво поткашлувале, веројатно поради туберкулоза. Дворовите биле полни со водишта од кои постојано*

[34]Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,* стр. 57.

*се слушало крекање на жаби. Имале заеднички нужник, без канализација, од кој се ширела неподнослива смрдеа, а купиштата ѓубре привлекувале роеви муви.“*[35] И Томе Мицевски, во интервјуто направено за потребите за Музејот на холокаустот во Вашингтон, се сеќава на домовите на Евреите: „*Кај сиромашните беше навистина многу скромно, а летно време, памтам, летно време ко ќе фатеа летните горештини, ако одевте во нивното маало голем број од ними ќе ги најдевте да спијат на улица, бегајќи од горештините, па и од инсекти. Поготово имаше, во тоа време, многу болви, тафтабити, па и вошки.*“[36] Макс Луриа исто така пишува за домовите во коишто живееле Евреите во Битола. Според него: „*Евреите живееле во кортижо (голем двор) опкружен со ѕид. Дворот бил уништен од оган во текот на војните и Евреите биле*

[35]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр. 238.
[36]Tome Micevski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 18, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50886, (посетена на 24 јули во 2021 г.)
[36]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 234.

*принудени да се преселат во друго подрачје каде исто така живееле во сопствено маало. Ова маало ги опфаќало обете страни на ул. Караѓорѓева, од пазарот до крајот на улицата.*“[37]

Како и во останатите градови, така и во Штип, еврејските згради имале двор или по една отворена тераса, кои, за времена празникот Сукот, ги користеле за правење Сука (колиба украсена со зеленило и со цвеќиња). Таму се јадело во текот на седумте празнични денови. Секое семејство имало по два прибори за јадење. Подготовките почнувале еден месец пред празникот. Што се однесува до еврејските дуќани, сите биле затворени во сабота. Тоа и предизвикувало голема штета на Евреите бидејќи, според законите, морале да ги затворат и во недела. Оние Евреи што ги отворале своите дуќани во саботите и за време на празниците, биле нарекувани „ел пекадор“ (грешник). Евреите во Штип се занимавале со разни занаети. Имало 13 касапи, 6 опинчари, 2 кројачи за евтина машка конфекција, 5

[37]Цитирано кај Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,* стр. 52.

кројачи на кои тоа им било главно занимање, 10 кројачи што се занмивале привремено со шиење, 2 кочиџии, 2 чистачи на чевли, 1 ќебапчија, 6 наемни работници, 18 калфи, 10 чираци и неколку носачи, кои имале посебно изработени самари за поголеми товари.[38]

Сепак и во најтешките услови, дури и кога им се заканувала опасност, Евреите останале доследни на своите прописи и обичаи. Обичаите и јазикот на Евреите во Македонија се разликувале од јазикот и обичаите на Евреите во другите делови на Југославија. Најавтентичен јазик се сочувал во говорот на еврејските жени, кои инаку ретко земале учество во јавниот живот, надвор од рамките на семејството.[39] Исто така и Макс Луриа се занимавал со истражување на јазикот џудео-еспањол, кој имал одредени карактеристични особини. Во студијата, која ја публикувал, изјавил дека јазикот што го зборувале Евреите од Битола бил многу сличен со јазикот на Евреите од градот Костур во егејскиот дел

[38]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр. 245.
[39]Исто, 115.

на Македонија.[40] И Ѓорѓи Димовски од Битола, исто така, се сеќава дека во говорот го нагласувале шпанскиот акцент.[41]

Според прописите на Мојсеевите закони, таткото требало да го обреже синот, но тоа не морало да го направи со своите раце. Тој го одредувал човекот – специјалист што го врши обрежувањето, наместо него, а тој симболично му го додавал нужниот прибор. Свечениот чин на обрежување бил проследен со гозба и со музика. Кум на првороденчето бил дедото од страна на таткото, чие име и го добивало детето, додека пак кум на другото дете бил дедото од страна на мајката. Свеченоста на обрежувањето било изведувано во храм. За разлика од синовите, раѓањето на ќерката се прославувало многу поскромно. Првата следна сабота по благословот,

[40]Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,* стр. 51.
[41]Gjorgi Dimovski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на (https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50883), (посетена на 24 јули во 2021 г.)

рабинот го соопштувал нејзиното име.[42] Евреите имале обичај, на своите деца да им ги даваат имињата на своите родители. Тие започнувале со имињата на нивните татковци, односно на мајките. На тој начин имињата во секое семејство се повторувале.

Родителите биле многу почитувани. Децата им се обраќале со „Вие". Родителите не биле нарекувани: „мама", „тато", „баба", „дедо", туку: „ла сењора мадре", „ел сењор падре", „ла сењора мана", „ла сењор папу". Евреите во Македонија многу млади стапувале во брак: девојчињата најчесто на возраст од 13 до 15 години, а момчињата две-три години подоцна. „Старите моми" претставувале срам за семејството, а на „старите момчиња" им се припишувале разни ментални и физички мани. Изборот на брачен другар била должност на родителите, кои, за помош, често им се обраќале на стројници. При изборот на брачниот партнер, главно се водело сметка за статусот на семејството. Речиси и да немало бракови меѓу имотните и привилегираните

[42]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр.116.

(гвирим, јахидим дел кал) и оние од „долниот слој“ (џенти баша), освен кога сиромашното момче учело за хахам, учител и сл., што на семејството на невестата ѝ причинувало чест, а на момчето му овозможувало непречено школување и целосна поддршка. Многу често се склучувале бракови меѓу деца на двајца браќа/две сестри (примо ерманос).[43] Голуба Бочварска од Штип се сеќава на рабинот Рабиниер, неговата жена Хану и нивната ќерка Сарика. Со нив заедно живеел и братот Хану, односно вујкото на Сарика за кого таа подоцна се омажила, за да може да го зачуваат, во својата фамилија, она што го имале.[44]

Веридбите се правеле во домот на невестата. Таму се утврдувала висината на миразот, кој се состоел од два дела: мираз во пари и мираз во имот, т.е. облека, чевли, постелнина. Кога доаѓал „Денот на процената“, сите работи биле изложени во

[43]Исто, стр. 117.
[44]Goluba Bochvarska interviewed by Nathan Beyrak, Shtip, March 01, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84388, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

невестинскиот дом, обесени по јажиња, при што доаѓале проценувачи, кои го познавале квалитетот на стоката и ја знаеле цената на секој предмет, па со песна и со игра биле пренесувани во домот на младоженецот. Младоженецот, по приемот на миразот, ѝ праќал на невестата врзоп од свила и во него „бого де бањо“ – пешкир, мирисен сапун, чешел, два убави бакарни бокала за посипување со вода во ритуалната бања и шише мирис. Кога било момчето имотно, додавало златници и разни колачиња.[45] Разводот на бракот се сметал за срам и во еврејските заедници во Македонија го немало во поголема мера.[46] Исто така ретки биле и случаите на истапувањето од еврејството. Таквите луѓе се сметале за изгубени, мртви, и за нив се седела „шива“. Со тоа, освен што било понижено и осрамотено семејството, се сметало и за голем срам на целата еврејска заедница.

[45]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом*, стр.118.
[46]Исто, стр. 119.

Евреите голема грижа посветувале и за своите гробишта, кои биле нарекувани „Дом на животот“, „Вечен дом“, „Вечен дом на сите живи суштества.“ Таквите имиња биле поврзани со верувањето дека еден ден, со доаѓањето на Месијата, ќе настапи оживувањето на мртвите, што се гледа и од последните редови на натписите на секој еврејски надгробен камен: „*Душата нека му/ѝ биде врзана за снопче живот*!“ Една од најстарите установи на еврејството, која постоела кај секоја заедница, била „Светото братство“,која се грижела: за подготовките околу погребот, за ужаленото семејство за време на „шивата“ – седумдневното седење во знак на жалост и за одржувањето на гробиштата.[47]

Во основа, Евреите во Македонија, по завршувањето на Балканските и на Првата светска војна, ја споделувале реалноста со другото население, во однос на социјалниот статус. Успеале да останат доследни на своите:јазик, култура и обичаи,и ги имало во сите занимања. И покрај сите потешкотии,

[47]Исто, стр. 132.

настојувале, со својот труд, да го издржат своето семејство. Па, според статистичките податоци, може да се увиди дека едвај крпеле крај со крај.

## 1.2. Односот меѓу Евреите и другите етнички заедници и антисемитските појави во Скопје, во Битола и во Штип

По завршувањето на Балканските и на Првата светска војна, веднаш започнал процесот на „србизирање“, со што Евреите биле мобилизирани во српската војска, што пак им донело поголеми непријатности на нивните семејства за време на бугарската окупација. По Првата светска војна речиси и да немало еврејски синови, кои не служеле војска, па природно било да очекуваат дека ќе им бидат доделени и сите граѓански права, но набразо дожиевеале и тежок удар.

Во сараевскиот културно-политички неделен весник „Жидовска свијест“ од 2.1.1920 година, на стр. 3, со ситни букви пишувало дека Кралството на СХС ги протерува од земјата дури и оние Евреи чии деца служат во војската на новата држава. Положбата на луѓето што добиле налог за прогонство била уште потешка бидејќи ниту една држава не сакала да им ги отвори своите порти на странците. Чекорот на владата

на Кралството на СХС меѓу Евреите во целата земја внел општа паника. Официјална делегација им предала меморандум, по ова прашање, на претставниците на владата на Кралството на СХС на мировната конференција и апелирала до разни политички личности во земјата да се заземат за повлекување на наредбата за прогонство. Веќе на 23 јануари во 1920 година, на насловната страница, редакцијата на весникот донела протест против протерувањето на Евреите што живееле со децении на тоа тло, со што било нагласено дека таквата постапка на власта било грубо кршење на ветувањето што, министерот за внатрешни работи Светомир Прибичевиќ[48], им го дал на Евреите. Било напишано: „*Особено протестираме против начинот на кој се постапува со нашите луѓе. Ги гонат и ги затвораат како злосторници.*“ Во следниот број на весникот „Жидовска свијест“, објавен на 6.2.1920 година, бил

[48]Еден од основачите на Југословенската демократската партија. (Во Кралството на СХС бил министер за внатрешни работи (1919 – 1920 година) и министер за образование (1920 – 1922 и 1924 – 1925 година)).

објавен и напис под наслов: „ЗАРЕМ И ТИ ЈУГОСЛАВИЈО?“[49] На 26 март во 1920 година истиот весник го објавил написот на белградскиот Евреин Јаков Х. Алфандари, „... *во чија верност и лојалност не може да се сомнева зошто тоа го докажа на бојното поле*.“ Во написот пишувало дека Алфандари се борел на „полето на честа“, каде што добил тешки рани, но останал во редовите на српската војска и покрај тоа што бил во години кога не морал да служи војска. Алфандари кренал глас против отворената провокација од страна на печатот. Неговите завршни зборови биле: „*Не остреете ги мечовите против нашите сограѓани. Владејте го својот дух и скротете ги своите страсти и нагони и знајте дека за нашата света татковина многу Евреи ја пролеаја својата крв, верни и лојални...*“[50]

Евреите во Македонија, главно, живееле во одделни квартови, т.н. еврејски маала. Тие маала, главно, биле сконцентрирани во центрите на поголемите градови. Евреите, главно, биле мирен и

[49]Со големи букви е во оригиналниот текст.
[50]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 217, 218.

повлечен народ. Не се мешале многу во работата на соседите. Нивните погледи на светот биле ограничени, а нивните животни потреби – минимални. За себе не барале повис оксоцијален статус и биле задоволни со она што го имале.[51] Ѓорѓи Хаџи Николов, сведок на депортацијата на Евреите од Македонија и нивен современик, кажува: „*Тие не бараа конфликти, не сакаа да се караат, да се расправаат. А истовремено и помагаа на некои сиромашни кои немаа пари, ги помагаа со пари, ги помагаа со стока, на многу фамилии им помагаа и фирмите. Они финансираа. Иначе беа, кажав веќе, трудољубиви, помагаа. Некој немал пари, дај му на вересија, кога ќе имаш ќе вратиш, ако немаш, алал нека е. Значи помагаа многу*“.[52] Бидејќи живееле во градови со мешан етнички состав, комуникацијата со

[51]Исто, стр. 206.
[52]Gorgi Hadzi Nikolov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 14, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50875, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

другите народи била неизбежна, но сепак постоела и некоја граница.

Соживот постоел меѓу различните заедници. Не се правело разлика меѓу: Македонци, Евреи, Турци, Роми. Тоа особено е забележливо кај децата, коине правеле никаква разлика, дружејќи се заедно за време на школските часови и надвор од училишните простори. Бистрица Миркулоска, по националност Словенка, во интервјуто направено за потребите за Музејот на холокаустот во Вашингтон, кажува дека кога се преселила во Скопје и кога тргнала во училиште, за прв пат се сретнала со три еврејски девојчиња. Тоа биле: Мирјан Бехар, Сара Сион и Сара Исак. Најголемиот дел од децата во училиштето биле Македонки. Сепак, не се правело никаква разлика по национална и по верска основа.[53] Трајче Грујоски од Битола исто така се сеќава дека во основно училиште во трети и во четврти клас имал еден многу близок

[53]Bistrica Mirkolovska interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 21, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50895, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

другар. Се викал Моис Шами, кој подоцна го променил името во Мориц Шами. Тој кажува: „*Тоа беше едно големо другарство, човекот беше многу питом, драг. А двете бевме дечиња, седевме еден до еден во клупата, и така се спријателивме. Подоцна кога тргнавме двајцата во средно училиште, јас учев само четири класа гимназија, а потоа се префрлив во државна трговска академија четири години. Таму и матурирав. Тогаш се разделивме од него.*“[54] А, пак, Димитар Котевски вели дека дружба имало и меѓу родителите: „*Родителите во еснафот се дружеја по некој, али многупати ќе се најдеа на средбите со родителите. Се планираше еднаш месечно средба со родителите и еврејските родители, родителите на еврејските деца и на македонските, па и на овие српските, разговараа често пати како да учи, учи, не учи, па зошто има проблеми.*“[55] Соживот имало и

[54]Trajko Grujoski interviewed by Teon Dzingo, Rakovo (Kraterό), May 20, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50893, (посетена на 24 јули во 2021 г.)
[55]Dimitar Kotevski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection,

меѓу постарите, но нивните контакти, главно, се должеле на соработка. Сепак и тие знаеле од ортаци да станат и добри пријатели. Трајко Стаматовски се сеќава дека неговиот татко, во дваесеттите години на XX век, имал заеднички дуќан со Евреин. Биле ортаци со некој си Ментеш. Со текот на времето се разделиле, секој си тргнал по својот пат, но нивното пријателство продолжило се до депортацијата.[56]

Постоеле случаи и кога заемноси оделе на гости. Ракатков Коле кажува дека меѓусебно си оделе и за време на празниците. Кога ќе дошло Велигден, Евреите ќе отишле кај нив на гости, а пак за Пасха тие ќе отиделе кај нив. И најчесто, кога доаѓале Евреите за Велигден, добивале: по некое јајце, леблебиа, ораси, миндали. А, пак, кога Македонците оделе кај нив, добивале по некое варено јајце, лепче и еврејски

courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50884, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[56]Trajko Stamatoski interviewed by TeonDzingo, Skopje, May 20, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50892, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

семки. Кажува и дека Срби,Турци, Македонци, Евреи, сите меѓусебно живееле и си помагале. Односно дека живееле како една фамилија, како браќа .[57]

Постоеле случаии кога се раѓала љубов меѓу двајца личности од различна вера. Еден од нив е Димитар Димитровски-Такец од Битола, кој раскажува за неговата голема љубов Луна Ароести, кој ја запознал благодарение на едни момчиња што работеле кај неговиот татко. Таа љубов му била инспирација да ги напише првите стихови, кој ги објавил неколку години подоцна: „*Јас напишав сеќавајќи се на Луна која загина во Треблинка заедно со сите, а да напишам Проштавај Луна. Зошто го избрав тој наслов? Го избрав во име на Битола, во име на сите, простете ни браќа Евреи, не сме ние виновни што така ги загубивте животите.*“[58]

[57]Kole Rakatkov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50877, (посетена на 24 јули во 2021 г.)
[58]Dimitar Dimitrovski Takec interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно

Од ова може да увидиме дека имало дружење меѓу Македонците и Евреите, меѓутоа, сепак постоела некоја граница. Во Македонија Евреите, преку стериотипи, се претставувале како многу богати луѓе, кои владееле со трговијата и ги контролирале пазарите и размената на стоки, како луѓе софизички изглед и со физиономија, која се разликува од другите заедници.Тоа можеме да го забележиме и во интервјуто со Александар Николовски, кој кажува: „*Имаше Евреи богати многу, многу беа богати...*“[59] Истото се забележува и во интервјуто со Голуба Бочварска, која кажува: „*Они беа по ситуирани и подобро се носеа и подобро се хранеа.*“[60] А,Ѓорѓи Димовски, кој, на прашањето како изгледаа Евреите,

наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50885, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[59]Aleksandar Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, June 04, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84385, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[60]Goluba Bochvarska interviewed by Nathan Beyrak, Shtip, March 01, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84388, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

кажува:„*Повеќе руси беа, пегави. Имаа некаков карактеристичен нос, по некој. Имаа клемпави уши, по некој. За карикатура, ама по некој.*“[61]

Жени Лебл, во нејзиното дело „Плима и слом“, наведува неколку обиди за напад врз Евреите. Во повеќето случаи тоа било дело на провокаторите и обично тоа се случувало пред празникот Песха (Пасха): тогаш објавувале дека исчезнувало некое христијанско дете и дека сигурно станало жртва на ритуално убиство, за да го зачинат, Евреите со неговата крв својот празничен леб – мацот и бојус. Првиот случај е забележан во 1921 година кога неконтролирана толпа со гласни антисемитски навреди навалила на еврејското маало и почнала да ги тепа и да ги каменува Евреите. Интересно е дека токму со посредување на битолскиот владика биле смирени духовите и немало жртви. Во 1922 година во весникот на солунските Евреи „*Ел пуевло*“ било

[61]Gjorgi Dimovski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50883, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

објавено дека на 17 март во Битола, Евреинот Шмуел Песах бил осомничен дека грабнал и заклал христијанско дете. Толпата навалила на куќата во еврејското Маало. Овој пат Евреите ги спасил од линч воениот командант на градот, па дури и уапсил пет провокатори бидејќи со истрага било утврдено дека од градот не исчезнало ниту едно дете. Во 1926 година провокаторите наговориле две деца да им послужат на нивните ниски намери: ги довеле до една еврејска куќа и ги затвориле во визба, а потоа отишле во полиција и го пријавиле исчезнувањето на децата. Кога полицајците, провокаторите и толпата тргнале кон еврејското маало, децата од визбата – според договорот – почнале да викаат. Децата „*се ослободени*“, хистеричната толпа, со повикот: „*Евреите ја сакаат нашата крв*!“, навалила на недолжните жители на маалото. Итно е повикан д-р Моше Ѓераси, градскиот лекар, кого го почитувало целото население од сите вери. Со големи напори тој успеал да ги раздели напаѓачите од жртвите. Стоејќи меѓу двата табори, во присуство на полицијата, д-р Ѓераси почнал мирно и прибрано да ги испитува

децата како се случил настанот. Децата почнале да плачат и ја признале целата „*игра*", покажувајќи на луѓето што ги наговориле на неа, па овие биле повикани на сослушување.[62]

Во периодот меѓу двете светски војни во Македонија, во градовите, каде што претежно биле сконцентрирани Евреите (во: Скопје, Битола и Штип) е присутна една појава на застрашување на македонските деца да не одат навечер во еврејското маало бидејќи Евреите ќе ги фатат, ќе ги стават во буре со шајки, ќе ги тркалаат по надолнина и потоа ќе им ја пијат крвта зашто на таков начин се причестувалетие. Истата таа појава може да се забележи и во интервјуата направени за потребите за Музејот на холокаустот во Вашингтон. Ѓорѓи Димовски кажува: „*Со Еврејчињата малку се делевме. Нас нè воспитуваа од малечки дека Евреите се виновни зашо ни го распнаа Исус Христос, плус то нè плашеја.*"[63] Слична приказна кажува и Наталија

[62]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 234.
[63]Gjorgi Dimovski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection,

Иванова: „*Мене лично ми викаа дека Евреите наводно, можда е тука верата у прашање, христијанска и нивната вера, мада читајќи ја Библијата сега повозрасна ја читам, да има многу сличности. Имиња Сара, на пример ние имаме Сара у христијанството, да не зборам многу, да не навлегувам. Некако се разделила верата тука, е сега дали тоа останало да се отцепат едни од други, ќе ми викаа немој, особено пред Велигден, да одиш они се причествуват како ние што се причествуваме и зимаме божји благослов со вино, они зимат со наша крв. И викат ќе те стават у една каца и ќе тражат да се избавеш од кацата, а, ах, борејќи се да излезеш од кацата ќе тече крв од тебе и они ќе се причестат со твојата крв.*“[64] Истото го кажува и Томе Николовски од Скопје, дека кога одел во еврејското

courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50883, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[64]Natalija Ivanova interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно наhttps://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50878, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

маало, негова мајка му велела: „*Сине немој да одиш таму сме чуле дека они прават лоши работи на децата.*“[65]

Евреите, каде и да оделе, морале да го докажуваат својот патриотизам зашто во спротивно, би се барало нивно казнување. Нивната лојалност постојано била ставана на тест. Како доказ за тоа може да послужи еден случај за кој не постојат други податоци за нешто слично, а тоа се случилово 1937 година кога хахамот[66], Моше Бехар (1867 – 1943), бил казнет дисциплински со 15-дневна плата, чија вредност морал да ја исплаќа од своите примања, по 20% месечно. Причината била: „*При престојот на кралицата Марија во Скопје, Моше Бехар бил повикан на чај во нејзина чест како репрезентант на скопските Евреи. Повикот му го упатил маршалот на Дворот, но хахамот Бехар не се отповикал на*

[65]Tome Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 19, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50889, (посетена на 24 јули во 2021 г.)

[66]Еврејски врховен поглавар.

*поканата. Своето отсуство не го оправдал ниту, пак, ѝ јавил на скопската еврејска заедница дека примил покана која што не може да се отповика. Подоцна кога по повод на овој случај е покрената дисциплинска постапка, хахамот Бехар својата постапка ја бранел со болест, за што приложил и лекарско уверение. Тоа не му помогнало, па бил казнет со суспензија на 15-дневна плата.*“[67]

Во 1938 година весникот „*Балкан*“ прв ја започнал антиеврејската кампања, на која подоцна се приклучиле и други печатени медиуми.[68] Првите забрани се однесувале за работата на еврејските културни и младински организации. На 27 јуни во 1939 година југословенската влада на Драгиша Цветковиќ публикувала антисемитски закони чиишто импликации биле прогонување на Евреите од земјата. Сѐ до 1939 година немало антисемитски закони, кои биле побликувани од страна на државата. Меѓутоа, со

[67]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 219.
[68]Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија, достапно на https://holocaustfund.org.mk/posts/details/202, (посетена на 25 август во 2021 г.)

доаѓањето на Нацистичката партија на власт во Германија, Кралството Југославија, како и другите балкански држави, потпаднало под нејзино влијание. Идеологијата што ја ширела нацистичка Германија била дека Евреите претставуваат опасност за новиот светски поредок. Со законите било предвидено следното:

1. Секој Евреин, кој влегол во Југославија по 1 јануари во 1935, да ја напушти земјата во рок од три месеци;

2. Секој Евреин, кој дошол во Југославија пред 1 јануари во 1935 и не живеел во неа најмалку 10 години, морал да замине во рок од 3 месеци;

3. Сите Евреи, кои живееле во Југославија повеќе од 10 години и не се југословенски жители (вклучувајќи ги оние што барале жителство и биле одбиени) мораат да ја напуштат земјата во рок од една година.[69]

Од почетокот на октомври во 1940 година белградскиот весник „Време“ започнал антисемитска

[69]Сп. Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија,*стр.89.

пропаганда со објавување низа текстови, кои биле насочени против Евреите, а во некои од нив дури било наведено дека Евреите, кои живееле на територијата на Кралството Југославија, претставувале опасност за уставниот поредок. Тоа било само неколку дена пред да бидат донесени, од страна на владата на Цветковиќ и на Мачек, таканаречените антисемитските закони, именувани како: *Уредба за мерки што се однесуваат на Евреите* и *Уредбата за упис на лицата од еврејско потекло за ученици на универзитетот, високите школи од ранг на универзитет, вишите, средните, учителските и другите стручни школи,* познати и како „Корошчеви закони", именувани по тогашниот министер за образование, кој бил и лидер на Словенечката народна партија, Антон Корошец, со кои Словенечката народна партија ги ограничила правата на нејзините еврејски граѓани.[70] Како причина за донесувањето на „numerous calusus",Антон Корошец ја навел причината дека според пописот на населението од 31 март во 1931 година, на 100

[70]Sekelj, L. Antisemitizam u Jugoslaviji (1918 – 1945), стр. 187.

државјани во Кралството Југославија, надвор од територијата на Бановина Хрватска, имало само 0,545 Евреи, државјани на Кралството Југославија. За овие антиеврејски мерки во Скопје известил весникот „Јеврејски глас“. По налог на Антон Корошец, во женската гимназија „Кралица Марија“ во Скопје, можеле да се запишат само 4 ученички, во женската гимназија во Битола – исто така само 4 ученички, во Мешовитата гимназија во Битола – само 6 ученички, во Реалната гимназија во Штип – само 3 ученика. Во реалните и во класичните гимназии во 1940/1941 година, во прво одделение, не можело да се запише ниту еден ученик Евреин, додека, пак, од дозволените делови може да се увидидека од II машка гимназија во Скопје биле исклучени 11 ученици, од I женска гимназија – 13 ученички, од Државната трговска академија – 5 ученици, а 20 деца не можеле ниту да се запишат во прв клас гимназија.[71] Од страна на еврејската заедница биле правени некои напори во однос на децата да продолжат со своето школување,

[71]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 293, 294, 295.

со што биле оранизирани секојдневни приватни курсеви, додека, пак, на нивните родители им било забрането да се занимаваат со одредени занаети. Исто така биле воведени разни ограничувања и во војската, со тоа што Евреите биле исклучувани од некои воени групи и им бил отежнат и патот до позицијата – офицер.

Со овие уредби еврејската заедница во Кралството Југославија била многу тешко погодена, но уште поболно било тоа што немало никаков знак на протест. Ваквите ограничувања почнале да се одразуваат и врз другите процеси во општеството. Сѐ побројни станувале организациите што ги напаѓале и ги осудувале Евреите за незгодите што се случувале. Сепак, оваа владана Цветковиќ и на Мачек била профашистички настроена и со овие мерки, кои ги донела, само ги подготвила Евреите кон она што следувало по април во 1941 година, по окупацијата на вардарскиот дел на Македонија и по имплементирањето на бугарското антисемитско законодавство.

# Втора глава
# Бугарското антисемитско законодавство и депортацијата на македонските Евреи (1941 – 1944)

## 2.1. Бугарската окупација и поделбата на Македонија

Крајот на Првата светска војна и Версајскиот мировен договор не само што не ги решиле проблемите, туку и уште повеќе ги продлабочиле, што пак биле причина за Втората светска војна. Франција и Велика Британија, како победници во војната, се стремеле кон зачувањето на статус квото, кое било постигнато во согласност со мировните договори, додека пак Соединетите Американски Држави се залагале за формирање меѓународна организација, која би се зачувувањето на мирот меѓу нациите. Подоцна оваа организација била основана и била наречена Друштво

на народите. Додека поразените држави: Германија, Унгарија и Бугарија незадоволни барале ревизија на самите граници, исто и Италија, и Јапонија, се залагале за промена на границите. Доаѓањето на фашизмот на власт во Италија и на нацизмот во Германија создало плодна идеолошка подлога, која била заснована на ревионизмот и реваншизмот, што придонело за сојузништво на ревизионистичките држави. Предводени од желбата за нова распределба на светот, Германија, Италија и Јапонија создале сојуз наречен Троен пакт.

Италија, и покрај тоа што технички била победник во војната, не била задоволна од Версајскиот мировниот договор. Додека Франција и Велика Британија имале голема придобивка, Италијадобила делови од денешна Хрватска, односно Истра и дел од Далмација, а Големите сили го признале и италијанскиот протекторат врз Албанија. Италијанската експазионистичка политика понатаму била стимулирана од доаѓањето на власт на Бенито Мусолини во октомври во 1922 година. Оттогаш, неговиот фашистички режим се стремел кон

создавање нова Римска Империја на Средоземното Море. Прва препрека било Кралството на СХС, а потоа и Франција, кои му пречеле на италијанското проширување. Очигледната политика што би можела да ја усвои Италија било организирањето и охрабрувањето на страните, кои се наоѓале надвор од францускиот сојузнички систем: Австрија, Унгарија и Бугарија.Освен тоа, таа давала помош и на емигрантските хрватски и македонски групи, кои се бореле со нелегални средства против режимот во Кралството на СХС. Во април во 1927 година бил склучен договор со Унгарија, кој, во 1930 година, бил проследен со договорот со Австрија. Во истата година и бугарскиот цар Борис IIIсе оженил со принцезата Јоана од италијанската Савојска фамилија.[72]

И во Германија, слично како и Италија, гневот од Версајскиот мировен договор бил голем, па Германија барала ревизија на самиот договор. Во 1919 година доаѓа до формирање на Нацистичката партија, на чело со Адолф Хитлер. Во 1923 година нацистите

[72]Йелавич, Б. (2003). История на Балканите XX век, том II,София, стр. 147, 148.

имале неуспешен обид да дојдат на власт, при што Хитлер завршил в затвор. Додека претстојувал во затвор, ја напишал книгата „*Мојата борба*“, која ги содржи основните идеи на нацизмот. Во трудот нацистите ја перцепирале целата човечка историја како биолошка борба меѓу луѓе од различни раси. Политичките движења, како марксизам, комунизам, пацифизам и интернационализам, нацистите ги гледале како антинационалистички и одразувале опасен, расно заснован еврејски интелектуализам. Во 1933 година Нацистичката партија, на чело со Хитлер, дошла на власт во Германија. Откако ја надминал внатрешната криза и ги отстранил комунистичката и социјалдемократската опозиција, тој успеал да воведе диктаторски режим.[73]

Периодот од 1934 до 1939 година е период на интезивна дипломатија. Во 1936 година доаѓа до формирање на оската Рим – Берлин, на која подоцна ѝ се приклучува и Јапонија. Истата година Германија ја милитаризирала Рајнската Област. Франција и

[73]Исто, стр. 201.

Велика Британија, освен вербалните обвинувања, едноставно го премолчиле и анектирањето на Австрија од страна на Германија, во 1938 година. Понатаму, Хитлер се насочил кон одземањето на Судетската Област од Чехословачка. Во септември во 1938 година доаѓа до средба меѓу британскиот премиер Невил Чембрелен и францускиот премиер Едуар Даладие, заедно со Мусолини и со Хитлер, во Минхен, со што било договорено германските области во Чехословачка да ѝ бидат доделени на Германија. Последна етапа од таа политика била италијанската окупација на Албанија на 7 април во 1939 година. Европа и светот се наоѓале на работ од војната, па одбивањето на Полска, да им ги отстапи на Германија градот Данцинг и тесниот полски коридор, кој ја разединувал источна Прусија од остатокот на Германија, било повод за војната.[74]

Со нападот на Германија врз Полска на 1 септември во 1939 година започнала Втората светска војна. За разлика од другите балкански држави,

[74]Исто, стр. 202–204.

Бугарија била благонаклонета кон Германија. Се чуствувало влијанието на германската култура, а и во Првата светска војна Бугарија, исто така, била во сојуз со Германија. Бугарија била незадоволна од Нејскиот мировен договор и барала промена на границите. Единствено со помош на Германија, Бугарија би можела да ја окупира Јужна Добруџа, егејскиот и вардарскиот дел на Македонија и делови од јужна Србија. За да ја оствари таа цел, Бугарија пристапила кон Тројниот пакт на 1 март во 1941 година, со што, најпрвин, бугарскиот интерес бил задоволен со добивање на Јужна Добруџа, а по завршувањето на Априлската војна го добила правото да ги окупира егејскиот и вардарскиот дел на Македонија, како и делови од јужна Србија. На 2 март започнало навлегувањето на 12-тата германска армија во Бугарија. За седум дена 680 000 војници биле распоредени по јужните и по западните граници на Бугарија, односно кон: Југославија, Грција и Турција.[75]

[75]Шукарова А., Б. Панов М., Ѓоргиев Д., Битовски К., Катарџиев И., Стојчев В., Велјановски Н., Чепреганов, Т.

Чуствувајќи го германскиот притисок, кој станувал сè посилен, југословенските лидери се нашле во тешка ситуација. Бидејќи немала помош и пропаднал планот за Балкански пакт, а очигледно било дека сама не би можела да одолее на германскиот напад, владата на Цветковиќ-Мачек, на 25 март во 1941 година во Виена, го потпишала пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт. Со самиот пристап на Југославија кон Тројниот пакт настанале демонстрации во поголемите градови низ Југославија, предводени од генералот Душан Симовиќ, со што, по два дена, на 27 март бил отфрлен договорот, кој бил потпишан со Германија и била формирана нова влада на чело со Душан Симовиќ.

Непосредно по ваквите настани, на 27 март, Хитлер решил да ја нападне Југославија бидејќи станала несигурен фактор за престојните акции, „Марита“– нападот врз Грција и „Барбароса“ – нападот врз Советскиот Сојуз. Нападот врз Југославија започнал на 6 април во 1941 година.

(2008). *Историја на македонскиот народ,* Институт за национална историја, Скопје, стр. 257.

Истиот ден била нападната и Македонија. Југословенските сили се обиделе да дадат отпор, но тоа било залудно. На 10 април во 1941 година вардарскиот дел на Македонија бил окупиран од страна на германските сили. Отпорот продолжил во другите делови на Југославија сè до 17 април во 1941 година кога била потпишана безусловната капитулација на југословенската војска. Веднаш по капитулацијата дошло до поделба на Југославија меѓу: Германија, Италија, Унгарија и Бугарија. Поголемиот дел од вардарска Македонија ѝ припаднал на Бугарија, во согласност со границата штосе протегала по линијата Пирот – Врање – Скопје и понатаму, по долината на Вардар до грчката граница.[76]

Во тој период, пред влегувањето на бугарската војска на територијата на вардарска Македонија, во моментот кога окупацијата сè уште била од страна на Германија, во Штип се случил еден настан познат како „Јамата“. Всушност „Јамата“ претставува напад

[76] Исто, стр. 258.

на еврејските дуќани од страна на локалното население. Според очевидците, во ова ограбување единствено учество зело локалното население. Во интервјуто со Ѓорѓи Хаџи Николов, направено за потребите на Меморијалниот музеј на холокаустот од Вашингтон, кажува:

*„Ја гледам сите улават во книжарата и јас како дете, дванаесетгодишен, јас у книжарата виде радио. Пробав да го фанам радио и клоцата...*

*Поголеми, повозрасни од мене. Земаа ми го радиото. Почнаа, кој што стаса - зима излава, зима излава.*“[77]

Според неговото сеќавање, германската војска не била влкучена во овој грабеж. Единственото учество било од страна на локалното население.

И Наталија Иванова го потврдува истото: „*Тоа беше нагло, значи нагло разбивање.Ја сакав да одам, не ме пуштија. А гледав вреќи како носат, а мајка ми*

[77]Gorgi Hadzi Nikolov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 14, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50875, (посетена на 27 август во 2021 г.)

*вика тие се сиромашки и сиромашки ќе останат. Остави ги. И после се чу дека кој лев кондур земал, кој деснио кондур земал, јас и викам па пушти ме и мене, јас ќе немам што да облечам. Не те пуштам, седи дома, гледај сега. И стоев на вратата, на портата и гледав како носат.*“[78] Всушност, овој настан претставувал само најава, само почеток на судбината на нивните имоти и животи, која подоцна била запечатена од страна на Бугарија, која го спровела „конечното решение на еврејското прашање.“

Веднаш по капитулацијата на Југославија, на 18 април во 1941 година, фашистичката бугарската војска влегла во Македонија и започнала со воспоставувањето на окупациската власт. Воспоставувањето на окупациската власт се состоела одтри фази. Првата фаза го опфаќала навлегувањето и воспоставувањето на бугарската воена власт во помалите и во поголемите градови, а потоа и на

[78]Natalija Ivanova interviewed by Teon Dzingo, Shtip, May 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50878, (посетена на 27 август во 2021 г.)

главните комуникациски места. Втората фаза е воспоставувањето на полициската власт со разни мерки, како што се: строга контрола на движењето, издавање дозвола за движење, апсење, раселување и друго. И во третата фаза било воспоставувањето на цивилната, односно државно-административната власт, која го организирала оживувањето во: администрацијата, образованието, здравството, црквата, стопанството, културата и другите дејности.[79]

Воспоставувањето на ваквиот бугарски систем во Македонија истовремено претставувало и преземање на историските, културните и природни богатства, а се започнало и со асимилиција и со денационализација на македонскиот народ. Веднаш откако било воспоставено бугарското законодавство, главниот поглед бил насочен кон државните институции. Биле формирани: граѓански

[79]Шукарова А., Б. Панов М., Ѓоргиев Д., Битовски К., Катарџиев И., Стојчев В., Велјановски Н., Чепреганов, Т. (2008)*Историја на македонскиот народ,* Институт за национална историја, Скопје, стр. 259.

судови, Централно комесарство, Финансиска дирекција, каде што голем дел од раководниот кадар биле луѓе регрутирани од Бугарија. Македонскиот јазик насекаде бил забранет. Биле отворени специјални курсеви за учење на бугарскиот јазик. Промена настанала и во училиштата со воведувањето на бугарскиот јазик и на бугарската историја, а наставничкиот кадар бил заменет со бугарски кадар или луѓе доверливи на Бугарија. Било започнато и обнова на некогашните епархии на Бугарската Егзархија. Биле назначени епископи и метрополити под раководство на Бугарија, кои ја изведувале службата на бугарски јазик, и била формирана црковна комисија за отстранување на сите остатоци од небугарската култура. Исто така и во воено-полициската администрација имало голем број бугарски службеници. Во целиот тој процес, од Бугарија биле донесени: политички, воен, судски, образовен и црковен кадар, кој имал задача да ги изедначи условите за живот во окупираните територии со оние во границите на Бугарија пред Втората светска војна. Особено значајна алатка во

таа политика имала македонската емиграција во Бугарија, која, во средината на април во 1941 година во Скопје, го формирала Бугарскиот централен акционен комитет, а потоа уште 25 месни бугарски акциони комитети во поголемите градови во Македонија. По воспоставувањето на бугарските акциони комитети и по навлегувањето на бугарската војска доаѓа до поделба на две групи меѓу привразаниците на бугарската власт. Во првата група поистакнати членови биле: Димитар Чкатров, Спиро Китанчев и Димитар Ѓузелов, а во втората група влегувале привразаниците на Иван Михајлов, меѓу кои се истакнувале: Васил Хаџикимов, Стефан Стефанов, Кирил Дрангов и Борис Огненов. И двете групи имале бугарска национална определба и го прифаќале бугарскиот карактер на македонскиот народ, но се разликувале во однос на припадноста на идната држава. Едните биле за автономна македонска дврджава под протекторат на Третиот Рајх, која би имала бугарски карактер, а нејзиниот официјален јазик би бил бугарскиот, додека, пак, вторите се залагале за обединување на Македонија

во рамките на бугарската држава. Иако и двете групи се обидувале да се наметнат кај бугарските власти, сепак, останале разочарани од бугарската држава, која ги искористила за остварувањето на своите цели. Исто така, овие идеи воопшто не биле прифатени од страна на македонскиот народ, кој многу бргу ја сфатил окупаторската улога на Бугарите во Македонија.[80]

Откако веќе на 29 април во 1941 година била воспоставена бугарската власт во Македонија, бугарскиот премиер ги примил македонските дејци: Димитар Ѓузелов, Коста Црнушанов и Никола Коларов. Коста Црнушанов и Никола Коларов, по обиколката што ја направиле на неколку места во Македонија, му соопштиле на премиерот дека „*немало воодушевување кај бугарското население и висок дух.*“ Во контекст на таа ситуација, Филов запишал: „*Побарав од двајцата да дадат подетално писмено известување.Одлучивме да започнеме поширока*

[80]Исто, стр. 262.

*акција за испраќање на книги во Македонија, да испечатиме една антологија со патриотски песни и раскази за Св. Кирил и Методиј, да донесеме во Софија ученици од сите поважни градови од ново ослободените територии*“.[81] Незадоволството може да се согледа и од извештајот од воениот пратеник ,Адам Петровиќ, на Независна Држава Хрватска во Софија, кој го испратил до Министерството на хрватското домобранство за политичката состојба во Македонија под бугарска власт, во кое напишал: „*Внатрешната положба во делот од Македонија што ѝ припадна на Бугарија е доста нејасна. Изразените Македонци покажуваат извесно незадоволство кон новиот режим во Бугарија.*“[82]

[81]ФиловБ. (1990). *Дневник,* Издателство на отечествения фронт, София, стр. 319, 320.

[82]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, том I и II, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, стр. 368.

## 2.2. Антисемитското законодавство во Бугарија и во окупираните територии

Правната легислатива, на што Бугарија ја имплементирала во таканаречените „*ослободени територии*“,биле законите,кои постоеле во поранешните границите на стара Бугарија. Основата за антиеврејските мерки може да се лоцира во *„Законот за заштита на нацијата“*,кој бил донесен на 21 јануари во 1941година од страна набугарското собрание, а ратификуван од страна на бугарскиот цар Борис III. Она што е апсурдно е тоа што *„Законот за заштита на нацијата“* бил донесен пред и официјално да се вклучи Бугарија во Втората светска војна. Основата на бугарскиот *„Законот за заштита на нацијата“* може да се лоцира во Нирнбершките закони, донесени во Германија во 1935 година, што фактички преставува делумен препис на таа легислатива, со кои, бугарските власти, сакале да ја зачуваат таканаречената чистота на бугарската нација.

Бугарската антиеврејска политика произлегувала од повеќе причини. Во прв ред тоа било заедничкиот интерес со Германија, за ревизија на версајскиот систем на договори, што пак придонело бугарската политика да стане блиска на нацистичката идеологија. Прифаќањето на ваквите ставови придонело Бугарија да се согласи составот на Германија кон Евреите. Како и вcoповеќето земји во Европа, така и во Бугарија, во периодот меѓу двете светски војни, антисемитизмот иако немал длабоки корени, сепак, бил присутен. Но, во тој период биле создадени повеќе влади, кои биле типично авторитарни режими, кои ја спроведувале антисемитската политика. Бугарскиот антисемитизам бил предоминантно државно – бирократски антисемитизам, кој нанел големи штети, како во Бугарија, така и во окупираните земји.[83]

[83] Асани, С., Малиќи, Н., Поповски, В. (2020). *Базичното антисемитско законодавство на царството Бугарија,* Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, стр.12, 13.

Наклонетоста на Бугарија кон Германија било незадоволството од резултатот од Версајската мировна конференција, од Нејскиот договор и од чувството на обесправеност по однос на нејзините соседни држави. И двете држави биле исфрустрирани од ограничувањата што им биле наметнати од страна на државите победнички во Првата светска војна. Поради таквите настани, Бугарија, на чело со царот Борис III, пред Втората светска војна ја увидела шансата за остварувањето на своите територијални проширувања. Но, шансата за остварување на таквите државни интереси единствено би можела да ја оствари во соработка со нацистичка Германија. Поради тоа, првата задача била промена на составот на државно-административните органи. Таквите прогермански политики во Бугарија единствено би можеле да бидат донесени од страна на десно ориентираните бугарски политички партии и поради тоа царот Борис III бил тој што интервенирал и по однос на политиката на Владата и по однос на составот на Народното собрание. На

15 февруари во 1940 година била избрана нова влада на Бугарија. Богдан Филов бил именуван за премиер, а Петар Габровски – за министер за внатрешни работи и народно здравје, а за обезбедување на апсолутна власт царот Борис III распишал избори за Народно собрание. И новата влада, којашто била воспоставена во Бугарија во Втората светска војна од страна на царот Борис III, влегла во доменот на спроведување на антиеврејската политика.[84]

Подготовката на бугарското антиеврејско законодавство започнала во текот на 1940 година. Летото, во јули-август, во 1940 година правниот советник на Министерството за внатрешни работи и народно здравје, Александар Белев, бил испратен во Германија од страна на Петар Габровски за да ги проучи Нирнбершките закони. Откако царот Борис III остварил средба со Адолф Хитлер, во август во 1940 година, по враќањето во Бугарија, сметал дека е вистинскиот момент за отпочнување на

[84] Исто, стр. 23–25.

процедурата за носење на Законот за заштита на нацијата. Борис III сметал дека кога веќе во: Германија, Романија, Унгарија, па дури и во Франција имале таков закон, редно време било и Бугарија да влезе во тој круг и да ги следи тие текови. Дополнителен мотив било и потпишувањето на романско-бугарскиот договор на 7 септември во 1940 година за враќањето на Јужна Добруџа на Бугарија. По враќањето на правниот советник, Александар Белев, подоцна раководител на Комесаријатот за еврејски прашања, од Германија, во рок од месец-месец и половина бил подготвен бугарскиот „*Закон за заштита на нацијата*".[85]

Процедурата за донесувањена *„Законот за заштита на нацијата"* започнала на 15 ноември во 1940 година. При самата расправа за Предлог-законот, несомнено бил поддржан од страна на владејачкото мнозинство, таков каков што бил понуден од министерот Петар Габровски.Во текот

[85]Исто, стр. 26.

на дебатите, кои се случувале во Народното собрание, народните претставници изнесувале бројни стериотипи, кои се однесувале на Евреите. Целта била еврејското население да се претстави како збир крволични лихвари, измамници, подли личности, население што ги мрази сите други. Како дополнение на тие ставови, се предлагало да им се одземе сѐ бидејќи тоа што го имале не било нивно, туку божем било награбано од народот. Понатаму, Евреите биле прикажувани како државни измамници. Се тврдело дека само Евреите биле во состојба да даваат милиони на студентски и на други организации, дека и најсиромашниот Евреин живеел подобро од средно котиран бугарски државен службеник итн. Меѓутоа, мотивите за да се донесе „*Законот за заштита на нацијата*“ не биле поврзани со каква била опасност за бугарската нација, туку да се покаже лојалноста на Бугарија спрема Германија, потребата на Бугарија за кратко време да ги зголеми своите финансиски ресурси и трето, поради фактот дека со санкционирањето на еврејскиот имот и капитал,

реализирањето на интересите било се поизвесно, и односните санкции би можеле да бидат изведени полесно.[86] Единствените, кои се спротиставиле на донесувањето на бугарскиот *„Законот за заштита на нацијата"*, биле опозициските партии, но освен што гласале против, не можеле да направат ништо друго.

Од сите антиеврејски закони, кои биле донесени од страна на XXV народно собрание во периодот од јануари 1941 до јули 1942 година, седум од нив се сметале за поважни и врз база на тие закони биле донесувани и подакти, кои претставувале рамка, со која се обликува бугарската антиеврејска политика. На 9 јули во 1942 година Народното собрание на Бугарија го донело „Законот за налагање на Министерскиот совет да ги преземе сите мерки за уредување на еврејското прашање и прашањата сврзани со него". По донесувањето на таквиот закон, на 29 август во 1942 бил формиран Комесаријат за еврејски

[86]Исто, стр. 31, 32, 36.

прашања на чело со Александар Белев.[87] Комесаријатот бил задолжен за применување на законите и на мерките за решавање на еврејското прашање на територијата на Бугарија и на новоосвоените територии. Сите прашања, кои се однесувале за еврејското население, биле решавани од страна на Комесаријатот за еврејски прашања. По само десет дена по формирањето на Комесаријатот, бугарскиот митрополит Стефан испратил писмо во кое го изразил гневот за формирањето на таа институција. На 22 септември и на 26 декмври во 1942 година испратил уште две писма до премиерот Богдан Филов, при што било наведено: „*Таканареченото еврејско прашање води кон ситуации кои не само што го тестираат авторитетот на нашата родна црква, туку дури и сквернавење на нашата света православна вера... Радоста е заедничка, и тагата е заедничка. Затоа, ако страда едно лице, сите страдаат со него. Ако некој е прогонуван, сите се*

[87]Исто, стр. 41.

*прогонувани.*“[88] Со ова, Бугарската православна црква јасно укажала дека се спротиставила на донесувањето на *„Законот за заштита на нацијата“.*

Утврден со Указ од страна на царот Борис III на 21 јануари во 1941 година, *„Законот за заштита на нацијата“*стапил на сила на 23 јануари во 1941 година.[89] Со *„Законот за заштита на нацијата“* биле определени структурата и карактерот на антиеврејските решенија. Во таа смисла *„Законот за заштита на нацијата“*ја имал следната содржина: „... *определување на лицата со еврејско потекло, општи ограничувања за лицата со еврејско потекло, регламентации кои го нормираат местото на живеење на лицата со еврејско потекло и можноста за неговата промена, правни нормативи кои се однесувале на имотите на*

[88]Коен Л. (2012). *Ти вярваш: 8 погледа върху Холокоста на Балканите*, София,стр. 213.
[89]Асани, С., Малиќи, Н., Поповски, В. (2020). *Базичното антисемитско законодавство...,* стр. 29.

*лицата со еврејско потекло и нормативи поврзани со регулација на професионалната и стопанска дејност на лицата со еврејско потекло*“. Сите тие, според својата правна природа, се однесувале кон дискриминирање на лицата со еврејско потекло, а според правното оптоварување на тие лица, биле ограбувачки и понижувачки.[90]

За да се елиминира можноста за недоразбирање или за несоодветно имплементирање на *„Законот за заштита на нацијата“*, Владата на Бугарија издала таканаречена Уредба за примена на Законот за заштита на нацијата на 17 февруари во 1941 година. Со тој документ властите строго ги дефинирале сегментите, кои, според нив, биле објаснети нецелосно. Уредбата била составена од девет поглавја, кои се однесувале на: социјалниот, финансискиот и политичкиот аспект од секојдневниот живот на еврејското население. На пример, во седмото поглавје, кое се однесува на

[90]Исто, стр. 44.

професионалните и на економските активности на Евреите, бугарските власти ја забраниле можноста за заедничка сопственост меѓу Евреин и лице што не било жител на Бугарија.

Според законот за *„Законот за заштита на нацијата“*, лица со еврејско потекло се сметале оние на кои барем едниот од родителите им е Евреин. Во оваа категорија не спаѓале лицата што биле родени или ќе се родат затекнати од овој закон во мешани бракови меѓу лица со еврејско потекло, кои го примиле христијанството и лица со бугарско потекло, кои го примиле или ќе го примат христијанството како своја прва религија. Меѓутоа, со Правилникот, кој стапил на сила на 17 февруари во 1941 година во согласност со чл. 15 став I од Законот го проширува опфатот на лицата со еврејско потекло. Според тој Правилник, лица со еврејско потекло се сметале ако се:родени од Евреин и Еврејка, и покрај тоашто се тие христијани и се бугарски државјани, родени од Евреин и Бугарка, или од Бугарин и Еврејка,

доколку и двајцата не биле христијани при влегувањето во сила на Законот, и покрај тоа што се бугарски државјани и лицата родени од Евреин и небугарка по потекло, или од небугарин по потекло и Еврејка, и покрај тоа што и двајцата се христијани и бугарски државјани привлегувањето во сила на Законот.[91]

При составувањето на Изводот од книгата на родените на лицата од еврејско потекло, требало да се декларираат во соодветната бугарска општина со точното име на новороденчето. Синагогалните намесништва, при обрежувањето, биле должни да му го дадат името на новородениот што е наведено во документот на именувањето, издаден од соодветната бугарска општина. Истото име задолжително се внесувало и во изводот на родените. Тоа име требало да биде застапено и во сите други документи. Лицата, затекнати од овој Закон, кои имале различни имиња во некои документи, а кои не одговарале на името наведено

[91]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр.335.

во Изводот на книгата на родените, биле должни, во рок од три месеци, да достават препис на Изводот од книгата на родените, според кој, требало да се поправи името во сите документи наведени во претходниот член. Од нивните презимиња се исфрлале наставките: -ов, -ев и -ич и тие останувале такви како што биле наведени во Изводите на книгите на родените. Целта била тие да останат различни од мнозинството и истовремено да бидат видливи за локалните власти.[92]

Лицата со еврејско потекло не можеле да бидат признати за бугарски државјани, не можеле да бидат избирачи или избирани, не можеле да заземаат државни функции, не можеле да се ослободуваат од воена служба, не можеле да членуваат во организации што се наоѓале под контрола на Министерството за одбрана, не можеле да стапуваат во брак со лица од бугарско

[92]ДАРСМ, подрачно одделение Скопје, фонд *Скопска еврејска општина*, 6.5.1.8/80-228, Веселиновъ К. (1941), Ограниченията за Евреитъ по Закона за защита на нацията, стр. 92–95.

потекло, не можеле да вработуваат лица што поседувале бугарско државјанство како послуга итн. Ниту едно лице, без довола, од Дирекцијата на полицијата не можело да се насели во ново место на живеење. Лицата со еврејско потекло не можеле да поседуваат или да држат под закуп, лично или преку посредници, непокриени полски имоти. Практикувањето слободна професија, трговија и индустриска дејност, од страна на лица со еврејско потекло, било допустливо во зависност од процентот на населението со еврејско потекло во државата. Министерскиот совет можел да го ограничува, делумно или целосно, личното учество или учеството со капитал на лица со еврејско потекло во некои гранки на: трговијата, индустријата, занаетите или во друг вид стопанска дејност. Лицата со еврејско потекло не можеле да бидат сопственици, учесници или акционери во каква и да е форма на училишни установи или во театри, во кина, за издавање печатни изданија, во производство и трговија со филмови и со грамофонски плочи, во објекти за забава, во

хотели, за  производство и за трговија со оружје и да учествуваат во кредитни друштва со капитал повеќе од 49%, а исто така не можеле да посетуваат некои општествени места и локали во градот.Не можеле да бидат на каква и да е раководна функција, да бидат овластени сметководители, царински посредници и комисионери, да бидат членови на управни совети, директори и заменици-директори. Им било забрането да тргуваат со: државни, општински и хартии од вредност, гарантирани од државата,и со благородни метали. Не можеле да бидат сопственици или управници на: аптеки, дрогерии и санитарни продавници. И, исто така, не смееле да поседуваат радиоприемници, автомобили и телефонски апарати. Во ниту едно друштво или претпријатие, во кое не се исклучени лицата со еврејско потекло, не било дозволено тие да заземаат повеќе места од Бугарите. Се забранувало префрлување на претпријатијата, акции, влогови и воопшто учството со капитал во каква ида било форма што се во сопственост на лицата со еврејско потекло, на

странци или друштва со странски капитал. Лицата со еврејско потекло не можеле да учествуваат во општествени претпријатија, било лично или преку посредници. За непочитување на законите следувале разни суми парична казна или казна затвор. Со Наредбата бр. 85, издадена од страна на Петар Габровски, министер за внатрешни работи и јавно здравје, на Евреите им било забрането движењето во периодот меѓу 21 часот навечер и 6 часот наутро, како и да пренесуваат информации бидејќи многумина од нив ширеле дезинформации и вознемирувачки вести. Кога ќе се увидело дека и покрај големиот број забрани некои Евреи и понатаму уживаат одредени бенифиции, Законот за заштита на нацијата повторно бил надополнуван. Со ова, на Евреите им биле скратени сите можности да заработат за живот. Сепак, имало и случаи кога од страна на поединци, расисти и антисемитисти од локалното население, тоа се злоупотребувало.Таков е случајот и со адвокатот Тренчев од Битола, кој, на вратата на својата канцеларија, истакнал натпис на кој

пишувало: „*ЗА ЕВРЕИТЕ, ВЛАСИТЕ И КУЧИЊАТА – ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ!*“[93]

Со „*Законот за еднократен данок врз имотите на лицата со еврејско потекло*“, издаден на 13 јули во 1941 година биле опфанати сите Евреи во Бугарија и во окупираните територии. Ониешто имале движни и недвижни имоти со вредност до 3 милиони, се оданочувале со 20%, а оние имоти со вредност над 3 милиони лева, се оданочувале со 25%. Според законот, не се оданочувале имотите во вредност до 200 000 лева. По објавувањето на овој закон, сите лица требало да поднесат декларации за вредноста на имотите, во рок од еден месец, бидејќи следувале парични казни до 3 000 000 лева, казна затвор до 5 години или конфискација на самиот имот. За база на оданочување била земана пазарната вредност на имотите до 31 декември во 1940 година. Триесет дена по оданочувањето, даночниот обврзник бил должен да внесе половина од данокот, а останатата

[93]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 302.

половина можела да се исплати во текот на наредните шест месеци од датумот на првата уплата. Сите лица, коишто биле опфатени од овој закон, доколку не го исплатиле данокот, не можеле да ги напуштат границите на Царството.[94] Со овој закон, македонските Евреи го доживеале најтешкиот финансиски удар, со што, нивните финансии преминале во рацете на Бугарија.

Во согласност со наредбата бр. 5, издадена на 8 септември 1942 година од страна на Александар Белев, на лицата од еврејско потекло им се забранувало да поседуваат,во себе, готови пари во каква и да е форма: платина, злато, сребро, скапоцени предмети, кои имале културна, историска, стопанска или археолошка вредност, како и килими, слики и вазни. Единствен исклучок биле венчалните прстени.[95]

Сите овие работи биле дадени на чување во Бугарската народна банка, која

[94]Асани, С., Малиќи, Н., Поповски, В. (2020). *Базичното антисемитско законодавство...,* стр. 357–390.
[95]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр.528.

била под раководството на Комесаријатот за еврејски прашања. Целта била да се наполни што е можно повеќе државната каса од финансиите на Евреите.

Со Наредбата бр. 2, издадена од страна на Александар Белев, од 15 септември во 1942 година на: сите еврејски живеалишта, еврејски и мешани претпријатија и нивните производи требало да се постави натпис: „*еврејско живеалиште*“, „*еврејско претпријатие*“ или „*претпријатие со учество на еврејски капитал*.“ Ознаката се пишувала на емајл, на стакло или на метал, а на левата страна од натписот се поставувало шестокрака ѕвезда. Производите на еврејските претпријатија, како и претпријатијата во коишто учествувале Евреи, ако не биле обележани или пак се обележани, но не на начинот што е предвиден во издадената наредба, се конфискувале во корист на Фондот „*Еврејски општини*“.[96] Еден месец подоцна, Комесаријатот за еврејски прашања донело одлука за

[96]Исто, стр. 518–521.

определување квартови за живеење на лицата од еврејско потекло, со што започнал процесот на создавање гета.

На 29 септември во 1942 година Александар Белев ја издава Наредбата бр. 32, со која се обврзуваат задолжително, сите Евреи, да носат Давидова ѕвезда. Единствените што се ослободуваат од оваа обврска биле децата под 10 години и Евреите – бугарски државјани, коишто до 1 септември во 1940 година, според христијанскиот обред, склучиле брак со лица од бугарско потекло и се покрстени пред 23 јануари во 1941 година. Еврејските значки биле во два вида: во кружна форма и во форма на ѕвезда. Кружните значки биле давани на оние Евреи што имале посебни заслуги за бугарската држава, а другите Евреи, кои немале такви заслуги, требало да носат шестокраки ѕвезди, коишто биле купувани во посебни продавници, изготвени од страна на Бугарија. Значките во форма на ѕвезда требало да бидат направени во светложолта боја со дијаметар од 33 мм до 35 мм. Значката се носела на облеката на лицата во која

обично излегувале. Дури и на резервните алишта морало да биде поставена таква значка. Оние Евреи што ќе биле фатени без значката,биле казнувани со казна затвор или со парична казна до 100 000 лева. Значката се забранувало да ја носат лица од нееврејско потекло. Еврејските лица се снабдувале со значки преку еврејските општини. Значките во форма на ѕвезда биле продавани по цена од 20 лева, додека за тракалезните значки, секој примерок се продавал по 10 лева.[97] Овие значки, македонските Евреи ги носеле сѐ до 22, 25 и 29 март 1943 година, датите на нивната депортација. Обврската за носењето на Давидовата ѕвезда била Евреитеда бидат означени и на тој начин да се разликуваат од другото население.

Поради лошите животни услови, еврејските општини, во неколку наврати, барале од Бугарската народна банка да им отстапи дел од финансиите што им припаѓале на еврејското население. Таквото барање не било одобрено во

[97]Исто, стр. 535–537.

ниту еден од случаите. Како што растел бројот на затворените продавници и на забранетите професии за еврејското население, истовремено растел и бројот на Евреи, кои живееле бедно. Дури и пензиите, кои биле исплаќани од Кралството Југославија, во меѓувоениот период, биле укинати. Повозрасната еврејска популација едноставно немала никакви приходи. Припадниците на еврејското население честопати добивале бесплатни оброци и облека преку добротворни акции, кои биле организирани од страна на еврејските општини.

Со сите овие мерки, за конфискување на имотот на Евреите, забраната за менување на местото на живеење без дозвола на властите и сместувањето во гето, се насетувало дека нешто ќе се случи. Со овие мерки Евреите не само што биле лишени од сите политички, економски и социјални права, туку и од најелементарните права на граѓанинот. Со овие мерки Евреинот бил сметан за *потчовек*. Сепак, сето ова било само дел од еден долготраен процес, кој набргу бил проследен со

нивна депортација. Имајќи ги предвид информациите за локациите на кои живееле Евреите, како и нивната бројност, депортацијата била изведена исклучително брзо и ефикасно.

## 2.3. Депортацијата на македонските Евреи и ликвидацијата на еврејските имоти

Судбината на македонските Евреи, заедно со Евреите од цела Европа, била запечатена со „*конечното решение на еврејското прашање*“, што значело систематско убивање и нивна дислокација, кое било донесено на конференцијата во Ванзе, одржана на 20 јануари во 1942 година. Протоколот на конференцијата бил подготвен од страна на Адолф Ајхман, првиот човек на СС-единиците. На конференцијата во Ванзе била претставена идејата за собирањето на Евреите ширум европскиот континент и нивната депортација кон исток. Набрзо, по состанокот, веднаш биле воведени гасните комори во логорите Аушвиц и Треблинка. Конференцијата во Ванзе претставувала пресвртна точка во германската антиеврејска политика. За времетраењето на овој состанок над 80% од Евреите, коишто ќе бидат убиени во холокаустот,

сѐ уште биле живи. Со одржувањето на оваа конференција настанало промена во методот на убивањето. Наместо да праќаат мобилни убијци, сега жртвите станале мобилни, со тоа што ги качувале во возовите и ги испраќале во концентрационите логори, каде што се одвивал процесот на убивање.[98]

Овој процес на решавање, започнат од страна на Германија, ги поттикнал бугарските власти да го забрзаат решавањето на еврејското прашање во Бугарија и на териториите окупирани од нејзина страна. Притоа германското искуство претставувало инспирација за чекорите што ги презела бугарската влада. На крајот на септември во 1942 година амбасадорот Адолф Бекерле му спомнал на премиерот Богдан Филов дека Германија е подготвена да испрати свој специјален претставник во Бугарија за решавање на еврејското прашање. По неколку дена Адолф Бекерле се јавил во Берлин да извести дека бугарскиот премиер,

[98]Беренбаум М. *Евреите во Македонија за време на Втората светска војна*, стр. 29, 31.

Богдан Филов, ќе разговарал за тоа со членовите на бугарската влада. За возврат, имотот на протераните Евреи ќе останел во бугарски раце, а Бугарија ќе требало да го отштети Рајхот со 250 германски рајхсмарки за секој депортиран Евреин. На 21 јануари во 1943 година во Софија пристигнал германскиот пратеник Теодор Данекер[99], кој веднаш стапил во контакт со Комесаријатот за еврејски прашања.[100]

На 2 феруари во 1943 година бил одржан состанок меѓу германскиот советник-специјалист Теодор Данекер и бугарскиот комесар за еврејски прашања, Александар Белев, на којшто бил обработен планот за иселувањето на Евреите од Македонија и од Беломорието.[101] Иселувањето

[99]Во септември во 1940 година бил назначен да управува со еврејскиот оддел во Париз, каде што имал за задача да го организира транспортот на француските Евреи во Аушвиц и во другите концентрациони логори. Обвинет поради злоупотреба на овластувањата, во септември во 1942 година бил повикан назад во Берлин. Од јануари до септември во 1943 година бил назначен за советник за „еврејското прашање“ во Софија.

[100]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 323.

[101]ДАРСМ, подрачно одделение Скопје, фонд *Скопска еврејска општина*, 6.5.1.24/303–305, стр. 8.

требало да биде чувано во најголема тајност. На 4 феруари во 1943 година Александар Белев, му го испратил Извештајот од состанокот и на министерот за внатрешни работи, Петар Габровски, во кој го навел и своето мислење дека ако започне иселувањето на Евреите од Македонија и од Беломорито, да бидат опфатени и Евреите од старите краишта бидејќи, по протерувањето, тие ќе живеат во страв и би можеле да предизвикуваат разни проблеми. Затоа бројот на Евреи, коишто ќе бидат иселени, требало да биде што е можно повисок.[102] На 12 феруари во 1943 година Министерскиот совет го усвоил предлогот на комесарот за еврејски прашања, Александар Белев, за иселувањето на македонските Евреи. Пред да биде донесено Решението на Министерскиот совет, Александар Белев самоволно испратил полномошници во Македонија за да ги проучат можностите за собирањето на Евреите. На 16 февруари

[102]Гринбергъ, Н. (1945). Централна консистория на евреите въ България, София, стр. 11.

германскиот амбасадор Бекерле испратил телеграма во Берлин за да извести дека бугарската влада дала согласност за иселувањето на 20 000 илјади Евреи.[103]

Дека иселувањето на Евреите било во голема тајност, кажува и Рина Шошбергер. Во нејзиното интервју таа зборува за некоја си забава, каде што нејзиниот татко се запознал со некојаси г-ѓа Ева, која била жена на Бугарин, кој бил надлежен за собирањето на Евреите од Македонија. Таа не го кажала името и презимето на Бугаринот, но ги наведува зборовите на г-ѓата Ева, кои биле упатени кон нејзиниот татко: „*Слушни: ќе ти откријам нешто, но ако дознае мојот сопруг ќе ме убие, иако сум му жена, но ти си добар човек и срцето ќе ме боли доколку ти се случи нешто. Запомни на 11 март ги носиме сите Евреи од Скопје и Македонија во концентрационен логор и ќе те замолам да не кажуваш никому, затоа што ако се дознае, јас ќе*

[103]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 323.

*бидам во опасност.*“[104] Истото може да се увиди и од изјавата на Пепо Моше Алалуф: „*На 8 март 1943 година во мојата канцеларија дојде Железков, тогаш секретар на градската општина, и ми рече дека јас и претседателот на Еврејската општина Аџисто Ароести ќе бидеме уапсени, бидејќи сме дознале дека ќе бидеме собрани во логор, а за да се спречи бегство на останатите Евреи. Тогаш Железков ми рече: Бегајте, зошто деновиве сите Евреи ќе ги соберат во логор. Истата вечер ние им го соопштивме ова на некои наши другари, а ние избегавме за Албанија.*“[105]

Договорот за иселување на 20 000 илјади Евреи од Македонија и од Тракија бил склучен на 22 февруари во 1943 година меѓу бугарскиот комесар Александар Белев, од една страна, и германскиот полномошник Теодор Данекер, од друга страна. По потврдувањето преку

[104]Суша М., Лазаревска Л., *Меѓучовечките односи како фактор за спасување и опстојување во тешките времиња*, во *Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943*, Дипломатски клуб – Скопје, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 2016, стр. 103, 104.
[105]Матковски А. (1982). *Историјата на Евреите во Македонија,* Скопје, стр. 131.

Министерскиот совет, Германија била подготвена да ги прими овие Евреи во источните области. Во договорот биле наведени појдовните железнички станици, ознаката и бројот на возовите:

а) Во Скопје, 5000, со 5 воза;

б) Во Битола, 3000, со 3 воза;

в) Во Пирот, 2000, со 2 воза;

г) Во Г. Џумаја, 3000, со 3 воза;

д) Во Дупница, 3000, со 3 воза;

ѓ) Во Радомир, 4000, со 4 воза.[106]

Првично било предвидено да се формираат два логори, во Скопје и во Битола. Но, поради брзината со којашто се одвивала оваа активност, како и поради притисокот од нацистичка Германија, било одлучено да се формира еден логор, а како локација на која најлесно и во најкус рок можел да се адаптира логор, бил избран Тутунскиот комбинат – Монопол во Скопје.

[106]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, том I и II, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, стр. 766.

Според одлуките што биле донесени на 2 март во 1943 година од страна на Министерскиот совет, недвижните имоти на сите лица од еврејско потекло, кои биле предвидени да бидат иселени надвор од границите, ќе бидат одземени во корист на државата. Подвижниот имот на лицата од еврејско потекло, кои би биле депортирани, би се продавал од страна на Комесаријатот за еврејски прашања на специјален начин донесен од страна на Комесаријатот, а сумите што ќе се добијат, ќе бидат уплатени на сметка на сопственикот Евреин. Ако не е познат сопственикот, сумите ќе бидат уплатени на сметка на Фондот „*Еврејски општини*." Од фондот „*Еврејски општини*" се преотстапуваат, во корист на месната општина, сите неподвижни имоти што биле во сопственост на соодветната месна еврејска општина, а која се укинува поради иселувањето на Евреите.[107]

Акцијата за иселување на македонските Евреи започнала ноќта меѓу 10 и 11 март во 1943

[107]Исто, 776.

година. Бројот на вкупното еврејско население во Македонија изнесувал околу 8000. Во Скопје имало 3795 лица, во Битола – 3351, во Штип – 551, во Куманово – 3, во Крива Паланка – 5, во Гевгелија – 11, во Велес – 8, а во Струмица имало 1 семејство, кое броело 4 члена.[108] Апсењето се одвивало според претходно подготвениот план. Од страна на Комесаријатот за еврејски прашања биле формирани групи, кои се состоеле од: еден полициски началник, еден полицаец, неколку војници и граѓани. Имало список, според кој, секоја група имала одреден број куќи што требало да ги посети. Списокот се состоел од: името, презимето, датумот на раѓање, местото на живеење и професијата со која што се занимавал. Списокот бил од стратешко значење, за да се протераат македонските Евреи од своите домови. Според тие списоци, македонските Евреи биле собрани и однесени во Монополот во Скопје. Иселувањето на

[108]Суша М. (2020). Македонски носители на почесното признание, *Праведник меѓу народите*, Скопје, стр. 48 (необјавен магистерски труд).

македонските Евреи од Битола и од Штип било извршено со сточни вагони, а Евреите од Скопје биле терани пеш од своите домови до привремениот логор. Иселувањето на македонските Евреи било под контрола на Захари Велков. Акцијата била спроведена со голема дисциплина и без отпор.

За иселувањето на Евреите од Битолската Област бил одговорен Кирил Стојменов. Еврејскиот квартал во Битола бил поделен на 20 дела, каде што за секој дел била назначена група, која се состоела од: еден полициски началник, еден учител, пет полицајци и пет војници. Во 2 часот по полноќ сите лица што учествувале во акцијата биле повикани да дојдат во полициската станица за да добијат упатства за акцијата. Од 5 до 6 часот на сите еврејски семејства им било соопштено да се подготват во рок од еден час. При спроведувањето на самата акција, на македонските Евреи им било кажувано дека привремено ќе бидат раселени, а по завршувањето на војните дека ќе бидат вратени во домовите. Исто така им било соопштено, со себе,

да ги понесат скапоценостите и парите за да им се најдат во неволја. Во 7 часот наутро, Евреите ги напуштиле своите домови и биле собрани на собирните пунктови, а нивните домови останале запечатени со восочни пломби. Оттаму, со багажот во рацете, којшто им бил дозволен да го понесат, биле однесени до станицата.[109] Во 8:10 часот првата група пристигнала на станицата. Кога бил натоварен првиот воз и се упатил кон излезот на станицата, почнало товарењето на втората група Евреи. Додека се одвивало сето ова, започнал процесот на претресување. Парите и скапоценостите што биле пронајдени, биле внесувани на блокираните сметки на Евреите во Бугарската народна банка. Околу 13 часот двата возабиле натоварени и подготвени да заминат во Тутунскиот комбинат – Монопол во Скопје. Во 14:45 часот бил пуштен првиот воз, а во 17:10 часот

[109]Гринбергъ, Н. (1945). Централна консистория на евреите въ България, София, стр. 153, 154.

– вториот воз.[110] Една од преживеаните Еврејки, Жамила Колономос, се сеќава на денот на депортацијата во Битола и ја опишува на следниот начин: „*Пет Еврејки кои беа затворени во продавница ја слушнаа несреќата, повиците за помош и клетвите. Душата ни страдаше, како да ни го бодеа срцето, треперевме и плачевме, неможејќи да излеземе и да и се придружиме на нашите очајници. Тие први гласови што ги чувме беа толку продорни што не можевме да не се тресеме од страв и безнадежност. Како да ги заборавиме тие звуци од пеколот! Постојано ги слушаме, не престануваат и покрај годините што изминаа.*“[111]

Во 17:30 часот блокадата во Битола завршила и повторно било овозможено слободното движење. По завршувањето на блокадата,

[110]Данова, Н. Х., Аврамов, Р. Л. (2013). *Депортирането на евреите от Вардарска Македония, Беломорска Тракия и Пирот март 1943 г.,* Български хелзинкски комитет, София, стр. 668, 669.
[111]Колономос, Ж.-А. (2013). *Движењето на отпорот и Евреите од Македонија,* стр. 33.

граѓаните сфатиле дека сите Евреи биле собрани и однесени некаде. Местото, каде што се одвивал животот на Евреите во Битола, а воопшто и во Македонија, завршил со една ужасна нечовечна трагедија.

Од извештајот на германскиот конзул, Артур Вите, може да се забележи дека ноќта меѓу 10 и 11 март во 1943 година биле иселени 10% помалку Евреи отколку што било предвидено во официјалните бугарски регистри. Причината поради тоа било што еден дел од нив успеале да побегнат, а друг дел успеале да се сокријат.[112] На денот на иселувањето на македонските Евреи, на 11 март во 1943 година, бугарскиот премиер, Богдан Филов, во својот дневник опишал дел од средбата со швајцарскиот амбасадор, Шарл Редар, на следниот начин: „*Стана збор за Евреите од новите земји кои ги иселуваме. Тој предложи да телеграфира да ги примат и сите нив во Палестина. Му вратив дека веќе е многу доцна,*

[112]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр. 822.

*затоа што за неколку денови тргнуваат. На прашањето каде ги носат, одговорив: Во Полска. „Тоа значи дека одат во смрт“, рече тој. Му објаснив дека тоа е пресилно, и дека тие ќе бидат искористени како работници, какви што и ние испраќаме. Одговори дека тоа не е исто и дека со Евреите се постапува нечовечки. Му возвратив остро дека денес не можеме да зборуваме за човечност кога безмилосно се убива мирното население во големите градови.*“[113]

Веднаш по иселувањето на македонските Евреи, на 13 март во 1943 година, Александар Белев издал наредба за ликвидација на еврејскиот имот. Ликвидацијата била извршена на ист начин во сите градови. Биле формирани комисии составени од: делегат на Комесаријатот за еврејски прашања и претставници на месната општина и на месната даночна управа. Во Битола биле формирани седум комисии, во Скопје– четирии во Штип – една. Откако ги добиле клучевите,

[113]Исто, 795.

комисиите се упатиле кон еверејските домови. По влегувањето во домовите веднаш започнувале со опис на предметите. Сите пари, скапоцености и хартии од вредност се уплаќале на блокираната сметка на сопственикот Евреин во бугарската Народна банка. Уште при првиот претрес исчезнувале оние, повредните работи, додека оние, помалкувредните работи, како: мебел, теписи, сервиси и други работи, биле собрани во зградите на синагогите и подоцна биле продавани на разни установи или на јавна лицитација, од која биле собрани преку 83 милиони лева, во државните каси.[114]

Сите Евреи, коишто биле иселени, биле однесени во Тутунскиот комбинат – Монопол во Скопје.Под команда на Пејо Драганов, кој бил назначен за главен командант на логорот, било обезбедено: осветлување, складиште за храна, вода, тоалети и болница, а исто така тој ги подготвил и транспортните листи во три

[114]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 363.

примероци, напишани на бугарски и на германски јазик. Во текот на неговата одбрана,на 12 март во 1945 година во Софија, во текот на судскиот процес,кажал дека македонските Евреи од Битола и од Штип пристигнале доцна вечерта на 11 март во 1943 година. Додека во однос на собирањето на Евреите од Скопје, кажал дека рано наутро на 11 март почнала акцијата за нивното собирање. До 7 часот наутро пристигнала првата група македонски Евреи, а веќе до 11 часот претпладне се собрала поголема група македонски Евреи. Монополот бил составен од неколку згради, со голем двор и голема дрвена ограда и бил чуван од силно обезбедување. Надвор била војската, а внатре – полицијата.Уште при самиот влез им било побарано да ги предадат сите скапоцености и парите, а потоа им бил направен и детален претрес. Мажите во дворот, при претресувањето, биле соблекувани голи, како од мајка родени, а жените биле претресувани во бараките. Целиот накит, парите, храната, чаршафите, лекарствата и сите други работи што

им останале, им биле одземени. Самиот претрес наликувал на грабеж.[115]

Имало моменти кога тешката положба во којашто се наоѓале македонските Евреи во Монополот, била користена и од страна на локалното македонско население. Томе Николовски кажува: „*Кажуева луѓе што живееле тука дека имало и грди случаи, да речеме, да му, да му се дава пара од таа страна. Од таму да речеме викнале некои: Фрлите леб. А овој им вика од оваа страна: Фрли ти лира. Значи златна пара. Имало веројатно и такви случаи, се зборуваше и за такви случаи дека можел да фрли некој леб, али под услов од таа страна да се фрли прстен, да речеме, или саат или нешто.*“[116] Сепак, постоеле случаи и кога локалното население било добронамерно настроено спрема македонските Евреи, кои се

[115]Гринбергъ, Н. (1945). Централна консистория на евреите въ България, София, стр. 153.
[116]Tome Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 19, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50889, (посетена на 27 август во 2021 г.)

наоѓале во Монополот. Еден од нив е Александар Николовски, кој, во интервјуто направено за потребите на Меморијалниот музеј на холокаустот од Вашингтон, кажува: „*... сум давал на Евреи вода, вода им давав, ти реков две кила вода им давав...ме гледаше, она прво ме гледаше и ја ја гледав. Абе сеа ќе ви кажам колку сум бил блиску. Дрвото е високо, бадемот, од таа страна нема четири, пет метра и ја ја гледам неа и она ме гледа, ја и мафтам, она ми мафта ја и реков седи тука, со рука. И се симнуем од бадем, мајка ми зима шише го вржуеме и го фрлив она го зеде, видов. А второто не видов. Зошто вториот преку и го пуштив преку јазот рипнав и го пуштив. И после тоа не ги видовме, изгледа ги однесоа.*“[117]

Мал е бројот на оние што успеале да влезат и да излезат од Монополот, а еден од нив е и Милан Терзовски, кој, на 12-годишна возраст, шетајќи низ

[117]Aleksandar Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, June 04, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84385, (посетена на 27 август во 2021 г.)

улиците на Скопје, бил фатен од страна на бугарските војници, кои мислеле дека е Евреин и го однеле во Монополот. Фактот поради кој бил уапсен е, како што вели и самиот, поради неговиот физички изглед, бидејќи им изгледал како Евреин, на бугарските власти.[118] Ова го покажува само односот на бугарските власти кон еврејското население. Од вкупниот број Евреи, коишто биле однесени во Тутунскиот комбинат – Монопол во Скопје, 165 души биле ослободени поради различни причини. Некои – поради тоа што биле државјани на Шпанија, други – бидејќи биле државјани на Италија, чие сојузништво со нацистичка Германија не се претворило во активна поддршка на „Конечното решение на еврејското прашање“, додека пак со дозвола на Бугарија, биле ослободени еврејските лекари со нивните

[118]Milan Terzovski interviewed by Teon Dzingo, Kumanovo, Juni03, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84383, (посетена на 27 јули во 2021 г.)

најблиски соработници, поради лошата состојба во која се наоѓало здравството во Македонија.[119]

За време на престојот во Тутунскиот комбинат – Монопол во Скопје, во една сала биле собрани околу 400 до 500 луѓе. Три дена биле оставени без храна. На третиот ден добиле 200 грама грашок, леб, вода и сол. Спиеле на дрвени штици и немало струја. Водата во двата тоалета течела од славините, а дворот надвор бил полн со ѓубре, со што постоела опасност од епидемија. Во лазаретот имало само еден детски кревет, а од лекови – само јод, денатурализиран алкохол и малку памук. Хелена Леон Исак во интервјуто со Александар Матковски кажува: „*Во една сала имаше повеќе од 500 луѓе. На полноќ дојдовме во Скопје и бевме затворени во една од зградите на Монополот. Луѓето беа принудени да се олеснуваат во ќошот и смрдеата беше неподнослива. Кога некој од луѓето ќе соберea храбростда погледнатод прозорецот, еден од*

[119]Беренбаум, М, Евреите во Македонија за време на Втората светска војна, стр. 47.

*командирите го вперуваше својот пиштол. На 13 март вратите се отворија и ни беше дозволено да излеземе надвор. Одењето во тоалет беше дозволено само еднаш дневно, дел по дел и за толку кратко време што многумина што беа слаби, болни или сакати не успевале ниту да се симнат надолу по скалите. Гладувавме. Нè имаше повеќе од 7000 илјади луѓе и немаше доволно храна и прибор за јадење. Тие започнуваа да даваат храна во 11:00 часот, а последната група порцијата ја земаше во 17:00 часот. Храната беше давана само еднаш дневно. Порцијата обично се состоеше од 250 грама леб и разводенет грав или ориз. Понекоаш имаше и парче сушено месо кое беше толку жилаво, што не можевме да го проголтаме иако бевме прегладнети. Доколку најдеа што било кај некого, тие ќе го претепаа. Откако ќе нè втераа во зградата удирајќи нè со стапови, тие ќе застанеа во средината на дворот и ќе не исмеваа. Истите полицајџини продаваа леб, лименки со храна како и други потреби по невидени цени. Векна леб која би ја купиле за 16 лева, кај нив*

*чинеше 500 лева.*“[120] Истите тие што ѝ продавале храна и пијалоци по невидено висока цена, во исто време ѝ го конфискувале и имотот.

Додека сите македонски Евреи се наоѓале во привремениот концентрационен логор во Скопје, германскиот конзул Артур Вите, во Извештајот што го испратил до Министерството за надворешни работи во Берлин, напишал: „*Додека македонското население без исклучок ја поздрави интернацијата на Евреите и на свое задоволство констатира дека од денот на интернацијата животните намирници од сите видови, а пред се млекото, јајцата, маста и месото поевтиниле до 50%дека сега по пазарите се наоѓаат во големи количини, како и тоа дека прекинала црната берза, мора да се констатира дека, за жал, италијанските службеници во Скопје, како и католичкиот бискуп д-р Смиљан Чекада заземаа став кој треба да се осуди...Треба да се констатира со задоволство дека населението по*

[120]Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир,Македонија,* стр.99.

*остранувањето на Евреите веднаш откри каков товар за него претставувале Евреите. Пред сè, сознанието дека на пазарите нема веќе измами, предизвика радост. Со тоа е постигнат уште еден потег, со кој на населението на практичен начин му е дадено на знаење што претставува еврејскиот проблем во подлабока смисла.*“[121]

Според извештајот на Теодор Христов Лулчев, специјален пратеник од Министерството за внатрешни работи, испратен во Скопје за да ја следи акцијата на качувањето во возовите на македонските Евреи, дознаваме дека тие биле качени во 40 вагони, а во 41. вагон се наоѓале болните и старите изнемоштени лица додека 42. вагон бил резервиран за германската придружба. Исто така, според неговиот Извештај, кој го поднесува до министерот за внатрешни работи, Петар Габровски, дознаваме дека во вагоните биле товарени: 15 килограми мармалад, едно буре вода, сол и пастрма за три камиони.

[121]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр. 825, 826.

Од Монополот македонските Евреи биле префрлени во логорот на смртта Треблинка, каде што сите, до еден, биле погубени. Треблинка бил нацистички логор изграден во Полска, со долга платформа на високо ниво, на кое имало место за околу 40 вагони. Се наоѓала покрај главните железнички линии во Полска, меѓу градовите со најголема еврејска популација, Варшава и Бјалисток. Логорот бил отворен на 22 јули во 1942 година. Во логорот имало два хангара, од кои едниот се користел за складирање на храната, која ја носеле затворениците, а другиот бил користен за соблекување на жените и на децата. Наспроти двата хангара се наоѓал патот до гасните комори. Тоа бил пат по кој, додека затворениците минувале голи, биле и тепани. Тоа било пат од кој немало враќање. На самиот влез од гасните комори имало германска стража, која ги пречекувала. Логорот бил обезбеден со околу 30 германски војници и околу 90 Украинци, поранешни советски воени заробеници. За време на неговото функционирање биле убиени меѓу 870 000 и 925 000 Евреи, што

единствено била надмината само во логор Аушвиц, кој  бил далеку попознат.[122]

Депортацијата на македонските Евреи се одвивала во три тури, на: 22, 25 и 29 март, иако првично биле предвидени пет тури. Од моментот на предавањето на Евреите, бугарските власти ќе престанат да се интересират за нив. За секој транспорт бил подготвен список. Списокот бил подготвен во два примероци, на бугарски и на германски јазик и се состоел од: име, презиме, датумотна раѓање, местото на живеење и професијата со која што се занимавал.[123] Во првиот транспорт, кој тргнал на 22 март во 1943 година во 12:45 часот биле однесени 2338 Евреи, кои, во Треблинка, стигнале на 28 март во 1943 година. Рутата по која се движеле била: Скопје – Ниш – Лапово – Земун – Марибор – Пјотрков –Малкиња – Треблинка.Вториот транспорт, кој тргнал на 25

[122]Беренбаум М. Евреите во Македонија за  време на Втората светска војна, стр. 53.

[123]Весковиќ В. В.,  Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр. 766, 767.

март во 1943 година во 14:00 часот со 2402 Евреи, во Треблинка пристигнал на 31 март во 1943 година и третиот транспорт, кој тргнал на 29 март во 1943 година во 12:30 часот со 2404 Евреи, во Треблинка пристигнале на 5 април во 1943 година. Според статистиката на овие документи, 7144 македонски Евреи биле однесени и убиени, од Монополот во Скопје до Треблинка во Полска, за кое биле потребни од 30 до 45 минути од моментот на пристигнувањето до моментот на нивното убивање.[124]

Чил Рајхман, еден од преживеаните Евреи во логорот на смртта Треблинка, пристигнувањето на македонските Евреи го опишува на следниот начин: „*Април започна со транспортите од странство, поточно од Бугарија... Стигнаа со вагони прва класа, во Пулмани. Со себе дури носеа и намештај и доста храна. До последните минути веруваа дека ги праќаат во Русија, на работа. Им рекоа да ги соберат сите скапоцености. Кога*

[124]Исто, стр. 864, 869, 878.

*видоа дека работите им ги фрлаат во заеднички куп, забележаа дека по излегувањето од туширањата веројатно ќе дојде до грешки бидејќи не се знаеше кому што припаѓа... Беа уверени дека ништо лошо нема да им се случи. Симнувајќи се од возовите прашуваа дали пристигнале во индустрискиот комплекс Треблинка... СС-овецот Калор Спецингер нѐ предупреди нас, забарите, да бидеме особено внимателни затоа што скоро сите Бугари имаат вештачки заби. Многу тешко можевме да работиме затоа што нивните вилици беа преполни со вештачки заби. Моравме сите да им ги извадиме. Носачите плачеа од тежината на нивните тешки трупови. Убијците беа надвор од себе од среќа: забарите го запираа скоро секое тело. Нѐ убиваат од ќотек. Наредникот наредува дека во плинските комори Scheisse*[125] *мора да биде исчистени или нема да добиеме ништо за јадење. Тој ден попладне не добивме ништо за јадење затоа што бевме казнети. Во четири часот и*

[125] ‘срање’

*неколку мунити нема ниту трага од младите и убави бугарски Евреи.*“[126]

[126]Rajchman C. (2014).*Ja sam posljednji Židov,* Fraktura, Zagreb, стр. 124–126.

## 2.4. Учеството на локалното население во процесот на продажба и рушење на еврејските имоти

Наместо протести, отпор и покажување на несогласување со постапката на властите,дел од локалното население започнало со: ограбување на еврејскиот имот, да учествува на јавни лицитации, како и активно да учествува во рушењето на еврејските куќи во Штип и во Битола. Таквиот израз на задоволство кај македонското население се должи на намалувањето на цените, односно на поволното влијание на пазарот, како и на алчноста за богатство. Продажбата на еврејскиот имот бил долг процес, кој никогаш не бил комплетиран целосно. Вкупниот приход што го остварила Бугарија од продажбата на еврејскиот имот изнесувал 83 милиони лева, сума што била под очекувањата на бугарските власти, кои се надевале на приход од 50 милиони лева од Скопје и 40 милиони лева од Битола. Сепак, ваквата

разлика се должи на одземањето на дел од тие финансиски средства од страна на реализаторите на продажбата на имотите.

Според Стојан Бахчеванџиев, чиновникот на Комесаријатот за еврејски прашања, кој на 7 март во 1943 година испратил писмо до Александар Белев во кое ги опишал плановите за депортацијата, во врска со односот на локалното население напишал: „*Треба да се нагласи дека населението овде е подложно на грабежи и слични работи се случувале при доаѓањето на германските војски во градот и при бомбардирањата. Или уште повеќе, отворено жалеле што не можеле да опљачкаат повеќе... Началникот на полициската управа стравува дека не се исклучени кражби на прозорци, врати, делови од месинг и сл. од испразнетите куќи, кои се многу збиени, оддалечени за надгледување, а достапни за околните соседи, Бугари, Турци или Цигани.*“[127]

[127]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр. 330.

Димитар Андонов од Штип, кој, со свои очи, видел како ги празнеле еврејските куќи, раскажал:

*„Гледавме како од куќите се вадат мебели други работи, добри работи и ги носеа на плоштад и таму ги продаваа.*

*Сѐ што беше добро изнесуваа и почнаа, а другото го кршеа унатре. Без милосно така одеа, џамове кршеа, врати кршат, мебел што е здрав изнесуваа само, а другото го кршеа не го онадуваа.“*[128]

Еден од членовите на комисијата за конфискација и продажба на еврејскиот имот навел: *„Учествував во комисија за опис на багажот само во една куќа и, бидејќи до вечерта не можевме да завршиме, ја запечативме вратата и си отидовме. Кога отидовме утрината, го*

[128]Dimitar Andonov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, June 05, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84391, (посетена на 3 август во 2021 г.)

*најдовме печатот скршен и голем дел од стварите расфрлени. Имаше украдени ствари расфрелени такви по скалите и дворот. Го повикавме полицискиот началник да го констатира грабежот и потоа продолживме со работата.Овие продажби, според мое мислење и според градските озборувања, не биле многу чесни, бидејќи некои поскапи работи, како штофови за костуми, чевли и др., не се излезени на лице и не биле купени од никого. Освен тоа, по моја оценка, добиената сума од продажбите е мала кога ги споредувам добиените пари со баснословените цени по кои се продаваа и најмалку вредните ствари.*“[129]

Според сеќавањата на неколку сведоци на депортацијата на Евреите од Македонија и продажбата на нивните имоти, јавните лицитации во градовите Битола и Штип биле реализирани од страна на локалното население додека, како контролори, се јавувале неколку Бугари, коишто

[129]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр.1126.

имале задача да ја спречат евентуалната продажба по пониска цена. Според сеќавањата на постарите штипјани, главен раководител во продажбата на еврејските предмети бил Митко Гајдарџиев. Голем дел од парите стекнати од продажбата, комисиите ги земале за себе. Обласниот директор во Скопје, Иван Захариев, на 22 април во 1943 година добил едно анонимно писмо во кое пишувало:„*Бев очевидец на продажбата на подвижниот имот и знаете ли што констатирав – дека половината од парите што комисиите ги земаат ги ставаат кај себе, тоа е срам за еден државен чиновник.*“[130] Сепак, срамот бил направен уште поодамна. Опсесијата да поседуваат што повеќе, ги натерала учесниците во процесот да земаат кој колку може. Тоа го потврдува и Илија Недков од Варна, кој бил агент во Скопје и учесник во самиот процес. Тој кажува: „*Лично јас за себе зедов едно пенкало, три вратоврски, две кошули и еден костум... Агентот Тодор Ташев зел мебел. Антонов од групата Б зел*

[130]Исто, стр. 903.

*мебел што го однел во родното место, во Ќустендил, со камион. Емил Михајлов зел спална и приемна соба, Димитар Димитров зел спална, Јордан Џогенски, началник на криминалната служба, направил многу костуми-се зборуваше над 30...“.*[131] И во дописот од страна на овластениот заменик-директор во Битола, Атанас Којчев, до комесарот за еврејски прашања, навел дека членовите на комисиите за распродажба на еврејските имоти сѐ почесто ја злоупотребувале својата положба и дека разни скапоцени предмети носеле во своите домови, и како реакција на тоа, често пати се менувал составот на комисиите.[132]

На јавните лицитации во Битола, каде што се продавале еврејските работи, Вера Крстевска купила некоја навлака за перница, која воопшто не ја користела. Таа кажува: „*Таму од куќите кога*

[131] Цинго Т., *Сведоците говорат,* во *Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943*, Дипломатски клуб – Скопје, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 2016, стр. 116, 117

[132] Исто, стр. 117.

*продаваа, не знам како ми се бендиса тоа, викам ај за успомен, само таа ја купив јас лично како дете, не е искористена уопште, уопште не ја искористив, оти требаше посебна да се напрај навлака перницата да биди четрвтаста, а ви кажав дека ние имавме долги перници имавме, таја беше четвртаста сосе, и то задено дел се преклопуваше копчиња имаше само на едниo дел горниo дел се сеќавам фино, до скоро ја имавме дома та перница така стоеше.*“[133]

Љубинко Филиповски, кој забележал некои работи во куќата на неговата тетка, кажува: „*Једино што ви кажав некои намештај, нешто забележав, некои шифоњери, куј... за кујната нешто, то само имаше останато не друго.*“[134]

[133]Vera Krstevska interviewed by Teon Dzingo, Bitola, June 03, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84380, (посетена на 3 август во 2021 г.)

[134]Ljupcho Filipovski interviewed by Teon Dzingo, Belgrade, June 02, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84382, (посетена на 3 август во 2021 г.)

Ѓорѓи Димовски од Битола исто така се сеќава на едно момче чијшто татко бил дел од комисијата, па кога почнало да се појавува во нова облека на училиштето, му велеле: „*Абе, ова од Евреите*“.[135]

Голем број документи покажуваат дека разни организации, друштва, поединци упатувале низа барања до Комесаријатот за еврејски прашања, за отстапување на дел од конфискуваниот имот на македонските Евреи: „*Директорката на Женското занаетчиско училиште ’Екатерина Самитчиева‘во Скопје барала од инспекторот на државните имоти да биде отстапена бесплатно еврејската покуќнина за потребите на училиштето*“, „*Спортскиот клуб ’Македонија‘од Скопје барал од делегатот во Скопје на Комесарството за еврејски прашања да му биде доделен бесплатно мебел од конфискуваниот еврејски имот*“, „*Просветното-*

[135]Gjorgi Dimovski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84382, (посетена на 3 август во 2021 г.)

*музичко друштво 'Македонија' од Скопје барало од делегатот во Скопје на Комесарството за еврејски прашања за потребите на Друштвото да биде доделен бесплатно мебел и музички инструменти од конфискуваниот еврејски имот*", „*Околиската управа од Царево Село барала од обласниот директор во Скопје да ѝ биде доделен бесплатен мебел од конфискуваниот еврејски имот*", „*Даночната управа во Велес барала итно одобрување од Иван Захариев, делегат на Комесарството за еврејски прашања, за продажба на конфискуваниот еврејски имот*", „*Селската општинска управа во Грлјанско барала од Иван Захариев, делегат во Скопје на Комесарството за еврејски прашања, да ѝ биде доделен бесплатно мебел од конфискуваниот еврејски имот*" и други.[136]

И покрај конфискацијата и продажбата на еврејскиот имот, процесот не застанал тука. Бугарското лицемерие продолжило да се

[136]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр.: 903, 855, 856, 905, 913, 916, 919.

продлабочува до моментот на бришење на секаква трага од еврејското население, кое, до неодамна, било дел од ова општество. Имало и случаи кога куќите што пред некое време им припаѓале на Евреите, кои веќе биле депортирани во Треблинка, да им бидат доделувани на Македонци, кои дотогаш живееле во делот на Македонија под италијанска, а подоцна и под албанска власт. Меѓутоа, во Штип била спроведена акција за рушење на Еврејското Маало. Во таа акција биле регрутирани млади момчиња на седумнаесет-осумнаесетгодишна возраст од страна на бугарската власт. Еден од нив е погоре споменатиот Димитар Андонов од Штип, кој ја раскажал таа епизода од неговиот живот:

„*После извесно време дојде наредба мобилизација на младите деца, да одат да се руши, зградите да се рушат. Меѓу тие рушења бев и јас и кога рушевме до нас блиску да рушат и едни узвикаа... еј злато, злато.... и видо, јас и видо тегла со накит унатре. А од тие стражарите што беа нијни, дајте го тоа земаа викат да ги тепат, да*

*викат, виа не го дават вие го зимат, фанаа ги и ги одведоа ги тие. А јас очевидец сам со теглата со накит внатре што имаше.*

*Одејме неколку дена работевме рушење. После еден друг ми расправаше дека нашле на едном месо нашле шарлаган, една у тие големите стаклени садове и нашле три кутии сребрени работи, српски динари, десет динари, три кутии лимени. И тие ги земале наводно одведеле ги во општината да се потпишат, наводно им дале по една десетка.*

*Да не претерам ние беме четворица, имаше многу, сигурно е било пеесет шеесет души, оти то у истио ден рушењето на сите згради беше. Денеска се руши, неколку дена рушиме.*

*Првиот ден керамидите ги вадевме ги спуштавме здрави, втроиот ден го рушевме горе кровот, така трети и четврти пети ден натака патосите и доле сè одевме до темел.*“[137]

[137] Dimitar Andonov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, June 05, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на

Александар Хаџи Андов сведочи дека процесот на рушењето на куќите продолжил и понатаму. Материјалот, односно гредите што останале при самото рушење на куќите, бил продаван/биле продавани за евтини пари, од страна на локалното население.[138] Некои, по наредба на бугарската власт, а други по алчност за пари и злато, учествувале во тој процес. Љубица Миткова од Штип забележала: „*...изнајдоа многу злато... најдоа многу лири. Злато, они сѐ со злато работеа.*"[139] Нешто слично има и во сеќавањето на Димитар Котевски од Битола,кој раскажал: „*Еден дел од средствата на Бугарите на овие, на Евреите, коишо ги имаа закопаноголем дел златни*

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84391, (посетена на 3 август во 2021 г.)

[138]Aleksandar Hadzi-Andov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50879, (посетена на 31 август во 2021 г.)

[139]Ljubica Mitkova interviewed by Teon Dzingo, Shtip, May 16, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50881, (посетена на 31 август во 2021 г.)

*работи, златници и такви, беа, овај, покасно откриени.*“[140] А, исто така и во Скопје, според сеќавањето на Цветан Тодоровски, се зборувало дека било пронајдено злато во еврејските куќи.[141]

[140]Dimitar Kotevski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50884, (посетена на 31 август во 2021 г.)

[141]Cvetan Todorovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 18, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50888, (посетена на 31 август во 2021 г.)

# Трета глава
# Обновувањето на еврејските општини во Македонија и опстојувањето на Еврејската заедница (1945 – 2018)

## 3.1. Обновување на еврејските општини во Македонија

Со воспоставувањето на народната власт во вардарска Македонија во ноември во 1944 година, како и со прогласот на Првото заседание на АСНОМ(Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија) на 2 август во 1944 година започнал еден нов период, врз принципот на рамноправност на граѓанскиот и на верскиот живот, во кој биле вклучени и македонските Евреи, кои го преживеале холокаустот и кои се вратиле во Македонија. По завршувањето на Втората светска војна едно од најважните прашања, кое требало да го реши

Президиумот на АСНОМ, било еврејското прашање, кое добило интернационален карактер. На 12 февруари во 1945 година бил изготвен Елаборат за организирање и за формирање на привремено Комесарство за ликвидирање на еврејските прашања од економски, социјален, правен и граѓански карактер. На чело на Комесарството се наоѓал комесар, кој бил потчинет на Президиумот на АСНОМ. Телото на Комесарството било составено од: секретаријат, архива, а според потребите, биле формирани и одделенија.

Трите седници на Скопската еврејска општина биле одржани на: 26 декември во 1944 година, 30 декември во 1944 година и 8 јануари во 1945 година. Во декември во 1944 година била обновена Еврејската заедница во Скопје, од страна на преживеаните Евреи, кои ја продолжиле долгата традиција. На 26 декември во 1944 година во Скопје бил формиран првиот Македонско еврејски народноослободителен одбор. Истовремено било извршено и свечено отворање на синагогата. На

Првата седница на Народноослободителниот одбор присуствувале: Георги Блаер, Бенјамин Колономос, Леон Аладжем, д-р Бора Варон, инж. Грос, Елена Блаер и Берта Ноах, а исто така имало и голем број претставници со други вероисповеди и голем број претставници на АСНОМ, кои ја формирале македонско еврејската општина. Пред да биде избран привремениот одбор на Македонската еврејска општина, од весникот „Нова Македонија“, на 25 јануари во 1945година, дознаваме дека на седницата биле одржани говори од страна на гостите: Бане Андреев-Ронката,секретар на ПК (Покраинскиот комитет) на КПЈ (Комунистичката партија на Југославија), Исак Франсес, комесар за ликвидацијата на комесарствата по еврејски прашања, Манчо Рахаминов, народен обвинител при Врховниот народен суд во Бугарија, како и д-р Бора Варон и Бранко Фрицханд. Седницата била отворена од страна на Георги Блаер, кој по поздравувањето на гостите му дал збор на  Бане Андреев-Ронката: „*Многу ми е драго да ве поздравам. Вас – нашите*

*браќа, кои през тешкото робство ги делевте со нас сите маки. Во време на тешкото ропство под крвавиот фашизам вие видовте повеќе маки од сите народи. Бескрајно ме боли оти сте толку малку тука и што толку голем број од нашите браќа се во неизвесност, но за очајние нема место. Дигнете ги високо главите. Ние треба сега уште повеќе да се сплотиме во едно цело и да покажеме на нашите непријатели да неможеја ни со најкрававиот терор да не разединат и да покажеме како се сакаат вистинските браќа. Братството не смее да биде на думи, ами на дело. Това братство требе да биде цементирано по скапите жертви во оваја на историјата безпримерна борба. Вашите права не се подарок од никого, ами вие сте си ги извојувале со крвта на вашите најарни синови и ќерки, што се борева со нас рамо до рамо. Тој кој говори и мисли оти не е така, тој е непријател на нашето единство, непријател на сите скапи тековни извојувани со крв. Вашите граѓански и политички права се загарантирани от АВНОЈ (*Антифашистичко

собрание за народно ослободување на Југославија*)* *и АСНОМ (*Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија*). Чесната сопственост е загарантирана на секој чесен граѓанин. Сега државниот апарат е многу преоптеретен, но чим се растерети малку и вашите имоти кои беа со фашистичките закони земени от вас ќе се вратат. Верујте да сме ние способни да ги уредиме нашите прашања со нашите сили, како што знаевме со сопствени сили да се обрачунаме со многу посилен непријател.*“[142]

По говорот на Бане Андреев-Ронката, говор зел и Исак Франсес: „*Ние дојдовме со голема болка и желание да ги поделиме вашите болки, кои истина се поголеми од нашите. Вие пострадавте многу повеќе от колку ние. Но очајанието треба да исчезне и вие треба да се фрлите на работа имашки да се борите за изградуенјето, со сите браќа Македонци, на вашата истинска татковина. Това што ви кажа другарот Андреев,*

[142]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*,стр.1113.

*това се думи на честен македонски син. Треба да се организирате и да ја обновите вашата верска општина. Многу прашанја кои се поврзани со еврејското прашање не се разрешени, но за нас е важно да створиме една здрава држава, а сите други прашања сами по себе ќе си се разрешат. Работите сите како еден човек на изградувањето на слободна Македонија во рамките на Демократска Федеративна Југославија. Това е вашата вистинска татковина.*“[143] И на крајот добил збор и последниот од гостите, Манчо Рахаминов, кој истакнал: „*Ние дојдовме да ги собереме документите за фашистичките зверства. Фашистичките зверови ги уништива сите пишани документи. Но со това не можат да ги скријат своите злочини. Тука сте вие и ние и сите чесни луѓе во Македонија и Бугарија, кои сме свидетели на нивните зверства и со удружени сили ќе им посакаме сметки за направените зверства. Несреќата кои ни ја донесоа*

[143]Исто, стр. 1113.

*фашистите, не е несреќа само на Евреите, ами на сите слободољубиви народи. Вие добро ги знаете зверствата направени во Дебарца, Црна Трава, Лика и Босна и понатаму на секаде кај што се јавуеше гласот на слободата. Бидете единствени во мислата и работата. Ова беше најголеми и последно страдание на историјата на Евреите. Јас ви го пожелувам како вам, така и на останалите браќа во Југославија, една светла и сретна иднина, дајте сѐ од себе си и нежалете никакви жертви за изградуењето на Титова Југославија, која е бедем на слободољубиви народи на Балканот*."[144] По завршувањето на говорите бил избран Одборот. За прв претседател бил избран Георги Блајер, кој, на таа позиција, останал до крајот на својот живот, за секретар била избрана Берта Ноах и за благајник – Бенко Колономос.

Главните активности на Скопската еврејска општина биле: конституирање на привремен одбор, кој ќе раководил со активностите околу

[144]Исто, стр. 1114.

сместувањето на општината во привремената зграда (Еврејската општина долго време била сместена во зградата на поранешниот Еврејски клуб на улицата „370“, бр. 7, која им била доделена на 27 декември во 1944 година од тогашната Станбена комисија при Градскиот народноослободителен одбор. При катастрофалниот земјотрес што го погодил Скопје во 1963 година, зградата била оштетена делумно, а седум членови го загубиле животот, меѓу кои и неколку Евреи од странство.[145] Новата зграда била изградена во 1975 година на улицата „Борка Талески“, бр.24.); потоа, формирање Одбор за санирање на синагогата и нејзино оспособување во богослужбен дом (Во одборот влегле: Хананја Бити, Давид Кастро, Бенко Колономос и Самуел Сасон. Бил формиран одбор во кој влегле: Давид Амарилио, Берта Ноах, како и поранешниот секретар на општината, Алалуф, кои имале за цел средување на општинската архива, а со книгите

[145]Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом,* стр.390.

што останале сочувани од синагогата, била формирана библиотека, изготвување на статистичка мапа на Евреите во Скопје, нивно регистрирање, прва помош на Евреите што се враќале од Албанија, односно нивно сместување и исхрана, како и на Евреите што се наоѓале во незавидна материјална положба и слично.); бил избран и еден Финансиски одбор (Во одборот влегле: Самуел Сасон, Бенко Колономос, Леон Аладжем и Исак Ароести. Исто така биле изготвени два печати. Едниот бил со натпис Македонско еврејска верска општина со Давидова ѕвезда и уште еден помал кружен печат со петокрака ѕвезда[146]). Во 1945 година бројот на Евреи во Скопската еврејска општина изнесувал 124 семејства или вкупно 305 члена, што пак до април во 1947 година бројот на Евреи нараснал на 534 члена, а веќе во 1952 година бројот на Евреи во Скопската еврејска општина се намалил на 95

[146]Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, стр.1107– 1112.

члена, поради заминувањето на поголем дел за Палестина.

Во 1945 година била формирана еврејска општина и во Битола. За таквата одлука Жамила Колономос раскажува: „*Јозеф Камхи дојде кај мене и ми рече дека ’ќе основаме еврејска заедница...‘И така, ја организиравме првата еврејска заедница*.“[147] За нејзин прв и последен претседател бил избран Жозеф Камхи, а за членови: Жамила Колономос, Дора и Пепо Нахмијас, Алегра Шами, Симо Калдерон, Дарио Русо, Франко Леон, Луна Ишах, Хелена и Леон Ишах и Моис Франсес.[148] Бројот на Евреи во еврејската општина во Битола изнесувал 45 лица. Кон крајот на 1946 година еврејската општина во Битола згаснала. Во периодот од 1946 до 1947година поголемиот дел од нив се иселиле во: Скопје, Белград, Загреб, Сараево, а некои заминале и за Израел. За разлика од Скопје и Битола, каде што била обновена еврејската

[147]Цитирано кај Беренбаум М. *Евреите во Македонија за време на Втората светска војна*, стр. 89.
[148]Колономос, Ж.-А. (2013). *Движењето на отпорот и Евреите од Македонија,* стр. 112.

заедница, во Штип не постоеле услови. Условите за обновување на еврејската општина во Штип згаснале уште во март во 1943 година со депортацијата на околу 550 Евреи во Треблинка.

Со обновувањето на работата на Сојузот на еврејските вероисповедни општини во Југославија со центар во Белград, Скопската вероисповедна еврејска општина претставувала регионална гранка на ова централно раководно тело. Положбата на еврејските заедници во Југославија биле дефинирани со Уставот од 1946 година. Според одредбите на законот, Сојузот бил третиран како верска организација, но неговите раководители инсистирале на национален карактер на самата организација во чиј интерес бил процесот на интеграција на еврејската заедница во идеолошките рамки на Југославија. За време на Шестата еврејска седницана еврејските вероисповедни општини во Југославија во 1952 година дошло до исфрлање на зборот *вероисповедна* од официјалниот назив на Сојузот, а со тоа и од регионалните еврејски општини. Во периодот до 1950 година положбата на еврејските општини во Југославија била олеснувана од

донациите на Светскиот еврејски конгрес, кои биле рапределувани преку автономен одбор за помош, како орган на Конгресот при Сојузот на еврејските општини во Југославија. Во тој контекст, на Седницата од 13 март во 1945 година Одборот донел одлука со која на македонските Евреи им доделил прва помош од 300 илјади динари. Поради таквата реализација било препорачано да се формира еден одбор од 5 до 6 члена за помагање на Евреите во Македонија.

Во овој период Скопската еврејската општина активно се вклучила во пронаоѓањето на докази за злосторствата што биле извршени од страна на окупаторските власти за време на војната. Сакајќи да дознаат повеќе за судбината на нивните најмили, по војната, членовите на Скопската еврејската општина се зафатиле со прибирање податоци за македонските Евреи, кои биле убиени во холокаустот. Надежта дека некој преживеал во Треблинка траеладо крајот на 1946 година. Во соработка со Сојузот на еврејските општини на Југославија, се правеле интензивни преписки со странските влади и со Црвениот крст, во

кои се барало информации за депортираните Евреи од Македонија дали некои останале живи и кои биле нивните имиња. Од една страна, активностите се спроведувале институционално, преку Истражна комисија, која била формирана за утврдување на злосторствата на окупаторите и на нивните помагатели, од друга страна, претседателот на Скопската еврејска општина, Георги Блаер, испратил неколку писма до Министерството за надворешни работи на Југославија во Белград за, преку надлежните институции, да се дознаат сите детали во врска со мартовската депортација на Евреите од вардарска Македонија во 1943 година.

Обновената еврејска заедница во Скопје се карактеризирала и со активен верски живот. Од протоколот, во врска со извршеното обрежување (*верит мила*, според: еврејски ритуал, Мојсеева вера) од 22 декември во 1946 година се дознава дека присуствувале околу 100 членови на заедницата и на Управата на еврејската општина во Скопје. Верскиот обред го извршил вршителот на должноста на општинскиот свештеник, Леон Бохор-Алаџен, а

обрежувањето Менахем Самуел-Монтилија, од Нови Пазар. Во документите, кои се однесуваат на одговорите на еврејските вероисповедни општини на југословенско нивово однос на прашањето за организација на веронаука, од 25 август во 1947 година, може да се увиди дека таа не се одвивала на организирано институционално ниво во Скопје, туку во домовите, раководена од родителите, додека пак во Битола, бројот на мали деца, бидејќи бил многу мал, родителите ја изведувале веронауката во домашни услови. Во однос на прашањето за обновување на богослужбата, овие документи покажуваат дека во 1947 година богослужбата во Скопје се одвивала секој петок навечер и за големите празници. Богослужбата ја водел Леон Адижес, додека пак во Битола не се одржувале богослужби. По заминувањето на поголем број македонски Евреи во Израел, бројни ритуални предмети: свитоци од Тора, молитвеници, талити, книги, биле испратени во Белград, во март во 1950 година, во пет сандаци, со воз. Верската секција при Сојузот на вероисповедни општини на Југославија формирала Духовен суд, а на 17 ноември во 1950

година ги утврдила и неговите надлежности на територија на цела Југославија. Во тој контекст, членовите на Скопската еврејска општина се обраќале на овој суд во врска со прашања, кои биле поврзани со: развод, обележување на верски празници, за правилно подготвување храна во согласност со верските канони, толкување верски прописи и слично.

## 3.2. Процесот на иселување на преживеаните Евреи во Израел

За тоа на која територија би се формирала државата Израел имало повеќе опции, па првиот избор било таа да биде на почвата на Палестина, каде што Евреите живееле во периодот од пред 3200 години до вториот век од нашата ера. Со донесувањето на Балфуровата декларација на 2 ноември во 1917 година, било предвидено слободно населување на еврејското население на територијата на Палестина, а Велика Британија создавањето на израелската држава. Водејќи сметка да не ги навреди Арапите, кои се наоѓале на таа територија, во Декларацијата и било додадено дека нема ништо да се направи на штета на националните и на верските права на нееврејските заедници во Палестина. Во почетокот односите меѓу еврејското и арапското население не биле добри, па почнале да се јавуваат судири, кои на некои места прераснале во бунтови. За време на големата економска криза

започнало големо населување на Евреите во Палестина, што довело до нови судари во кои загинале 135 Евреи и 120 Арапи, а 600 души биле ранети, што пак било причина за донесување на Белата книга, во која се препорачувало неограничено населување на еврејскиот народ. Во мај во 1939 година Велика Британија објавила во Белата книга дека треба да се формира независна палестинска држава под заедничка управа на Евреите и Арапите, каде што одговорноста би ја делеле двата народи. Сепак, Светската ционистичка организација се спротивставила на ова и за таа цел свикала Конференција во Њујорк во 1942 година, на која се барало создавање на еврејска држава во Палестина. До 1945 година Евреите изнесувале 30% од вкупното население на Палестина.[149]

По завршувањето на Втората светска војна многу од Евреите, кои живееле во земјите пред холокаустот, меѓу кои биле и Евреите во Југославија,

[149]Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија, достапно на https://holocaustfund.org.mk/posts/details/201, (посетена на 30 август во 2021 г.)

вклучувајќи ја и Македонија, сакале да заминат во израелската држава. Сепак, во почетокот населувањето во Израел било тешко бидејќи Велика Британија не дозволувала лесно влез во земјата, но поради разните притисоци, меѓу кои бил и притисокот од САД во 1947 година, Англичаните ѝ го префрлиле проблемот на Обединетите нации. Крајот на април во 1947 година бил одржан состанок од страна на Обединетите нации за поделба на Палестина, со што, поддршка за тоа имало од САД и западноевропските држави и од Советскиот Сојуз, додека, пак, Југославија, создавањето на Израел го сметала за важен настан во антиимперијалистичката борба. На 14 мај во 1948 година во Тел Авив, Давид Бен Гурион ја објавил Декларацијата за независнот на Израел. Три часа по прогласувањето на независноста, САД ја признала израелската држава, а по три дена истото го направил и Советскиот Сојуз. Југославија ја признала независноста на Израел на 19 мај во 1948 година, со што веднаш потоа биле воспоставени и дипломатски односи.

Една од главните причини за иселувањето на југословенските Евреи во Израел бил ционизмот,кој, како крајна цел на секој Евреин, го пропагирал неговото враќање во ветената земја.[150] Ционистичкото движење, всушност, ја подготвувало младината за живот во Израел. Сепак, и покрај ционистичкото движење, како друга причина се наведува и холокаустот. По завршувањето на Втората светска војна голем број Евреи останале без своите семејства, роднини и пријатели и останале сами, па заминале за Израел во потрага по нов живот.[151] Исто така причина за иселувањето било– поради спицифичноста на комунистичката идеологија и комуникацијата со државните власти. Самиот факт дека еврејската заедница себеси се сметала првенствено за религиозна, било проблем во идеолошкиот систем на Комунистичката партија на Југославија. Друга причина за иселувањето било поради тоа што голем дел од нив се нашле во групата што, комунистичката власт, ја означила како непожелна во новиот

[150]Прашалник со Тодор Чепреганов (13 септември 2021 г.)
[151]Прашалник со Викторија Саркисјан (13 септември 2021 г.)

југословенски општествен систем. Затоа, голем дел од Евреите, кои се наоѓале во оваа група, не можеле да пронајдат место за себе во овие друштвено-политички околности. Причината за тоа е фактот што во процесот на обновата, по завршувањето на војната, југословенската држава имала потреба од работна сила, па голем број интелектуалци, кои се занимавале со непродуктивни занимања, биле категоризирани како непотребни. Поради тоа Сојузот на еврејските општини во Југославија морал да се прилагоди на специфичноста на новата комунистичка идеологија.[152]

Големо влијание имал и југословенско-советскиот конфликт, кој се одразил и на односот на Комунистичката партија на Југославија и на југословенската еврејска заедница. Во контекст на ваквата промена на политиката, Комунистичката партија на Југослвија ја користела секоја можност да го нагласи позитивниот став за иселувањето на

[152]Радовановић М. (Београд). *ИСЕЉАВАЊЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИХ ЈЕВРЕЈА У ИЗРАЕЛ 1948/9*, 2011, стр. 18, 19.

југословенските Евреи во Израел. Ова придонело односите меѓу Југославија и Израел брзо да се развијат. За разлика од другите земји, Југославија им дозволила на сите Евреи, кои сакале,да се иселат во Израел. Според сеќавањето на Миливоје Максиќ, тогашниот заменик-министер Владо Поповиќ изјавил: „*Ние треба да им дозволиме на овие луѓе да одат во својата земја, во својата држава, бидејќи конечно дочекаа да имаат своја држава. Нив таму ги влече срцето и тие ќе бидат одлична врска помеѓу Израел и Југославија*.“[153]

Со декларацијата за прогласување на независноста на Државата Израел на 19 мај во 1948 година бил донесен закон за миграција. Со помош на овој закон им било овозможено на Евреите на територија на Југославија, по легален пат, да се преселат во Израел. Процесот на иселување, главно, бил раководен од страна на Сојузот на еврејските општини во Југославија, Министерството за внатрешни работи на Југославија и официјалните

[153]Lebl A. prekid diplomatskih odnosa SFRJ – Izrael 1967. godine, стр. 41.

претставници на Израел. Главната улога ја имал Сојузот на еврејските општини во Југославија. При самиот процес на иселување имало некои услови што требало да се исполнат. Најпрвин се поднесувала потребната документација за добивање дозвола за иселување со приложена фотографија на самиот кандидат. Откако ќе се подготвела целата документација, била доставувана до Комисијата за иселување, формирана од страна на Сојузот на еврејските општини во Југославија, а од таму, до Министерството за внатрешни работи на Југославија.

За да можат да добијат одобрение за иселување, прво требало да потполнат изјава за откажување од југословенското државјанство. Со откажувањето од југословенското државјанство со себе можеле да го понесат само подвижниот имот, додека пак неподвижниот имот останувал во корист на државата. Откако веќе иселувањето им бил одобрено, израелските власти барале, од идните жители на Израел, потврда за здравствената состојба. Целта на оваа мерка било да се направи селекција на идните жители на Израел и да се спречи вселувањето

на одредени лица, кои боледувале од одредени инфективни болести. Идните жители на Израел морале да докажат дека се способни да придонесат во самата изградба на земјата и доколку е потребно, да учествуваат во војна за нејзино ослободување. Крајниот рок за поднесување на потребната документација бил 20 август во 1948 година, додека, пак, Одлуката, за поднесените пријави, била донесена на 1 ноември во 1948 година.

Неколку дена по прогласувањето на независноста на Израел во 1948 година, веднаш започнал еден процес на иселување, во кој биле вклучени и југословенските Евреи. Сојузот на еврејските вероисповедни општини започнал да ги повикува југословенките Евреи на иселување во новосоздадената држава. Со намера на кој било начин да се помогне на новоформираната држава Израел, најголем дел од трошоците за емиграција биле преземени од страна на Светскиот еврејски конгрес. Првиот бран на иселување започнал во декември во 1948 година, односно во јануари во 1949 година. На 2 декември во 1948 година со југословенскиот брод

„*Радник*“ заминала првата група југословенски Евреи. На 15 декември во 1948 година повторно со бродот „*Радник*“ заминала нова група Евреи, додека пак истиот ден со грчкиот брод „*Кефалос*“ заминала уште една група. На 9 јануари во 1949 година испловил и товарниот брод „Босна“, со кој заминале уште 32 лица, кои ги испуштиле претходните два брода. Вториот бран иселување бил во текот на јуни и на јули во 1949 година кога биле организирани уште три тури иселување на Евреите во Израел, со помош на бродот „*Радник*.“ Третиот бран на иселување бил во март во 1950 година, со помош на израелскиот брод „*Арка*“. Четвртиот бран иселување бил година дена подоцна, конкрајот на мај во 1951 година. И последното петто иселување било во октомври во 1952 година.[154]

Постојат различни податоци за тоа колкав бил бројот на Евреите, кои ја напуштиле Југославија. Според едни информации, тој број изнесувал 8 618 Евреи. Од вкупниот број иселени,4 517 биле од Србија, 2 747 биле од Хрватска, 974 биле од Босна и

[154]Радовановић Р. Милан (2015). *Исељавање Јевреја из Југославије у Израел (1948-1952)*, Београд, стр. 122, 123.

Херцеговина, 308 биле од Македонија, 68 биле од Словенија и 4 биле од Црна Гора. Според други статистики, пак, бројот на југословенските Евреи, кои заминале за Израел, во периодот од 1948 до 1952 година година од Југославија, изнесувал 7 739 Евреи, од кои, во првиот бран заминале 4 098 Евреи, во вториот бран заминале 2 490 Евреи, во третиот бран заминале 409 Евреи, во четвртиот бран заминале 658 Евреи и во петтиот бран заминале 84 Евреи.Сепак е доста тешко да се утврди точниот број на Евреи, кои се иселиле од Југославија бидејќи, покрај емиграцијата во Израел, емигрирале и во други земји, претежно во САД, а имало исто така некои што се вратиле во Југославија. Оние што се иселиле таму, ги дочекале своите сонародници, кои се населиле порано, па набрзо се прилагодиле во новото општество. И покрај тоа што се иселиле, останале во контакт со својата земја од каде што потекнувале.[155]

[155]Исто, стр. 195, 200.

## 3.3. Прекинот на југословенско-израелските дипломатски односи и рефлексиите во македонското општество

По завршувањето на војната, доаѓа до поделба на Европа или, како што кажал и самиот Винстон Черчил, се спуштила железната завеса од Шчечин на Балтикот до Трст на Јадранот.[156]Студената војна претставува конфликт меѓу комунистичките држави, предводени од Советскиот Сојуз и демократските држави, предводени од Соединетите Американски Држави, употребувајќи ги сите можни средства за манифестација на сила. Не постоел дел од земјата што не бил зафатен од ефектите на Студената војна. Првично, Студената војна започнала кога, во 1947 година, Хари Труман, ја декларирал антикомунистичката политика, односно „*Трумановата доктрина*“. Во говорот истакнал:

[156]Пешевска М. (2013). Односите меѓу Големите сили непосредно по Втората светска војна – Студена војна. Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, стр. 61.

„*Уверен сум дека политиката на Соединетите Држави треба да им помага на слободните народи кои се борат против обидите на насилство на вооружените малцинства или притисок однадвор.*“[157] Втората причина се поврзува со периодот пред конференцијата во Потсдам. Труман самоуверено зазел став дека САД, како единствена земја со атомска бомба,ималеправо да ѝ се спротивставатна Русија. Додека, пак, третата причина за ваквиот пресврт, од страна на САД кон Советскиот сојуз, е начинот на водење на политиката од страна на Труман.

Како резултат на ваквите тензии доаѓа до создавање на воени сојузи меѓу Истокот и Западот. Поради стравот од руското влијание во Европа, Велика Британија склучила сојуз со Франција, познат како Договор од Данкирк, во кој било предвидено и економска помош и воена соработка со Германија. Договорот од Данкирк бил проширен со земјите од Бенелукс – Белгија, Холандија и Луксембург, кои пак

[157]Исто,стр. 64.

сите заедно го потпишале договорот од Брисел, а САД, исто така, сакајќи да најде сојузници во Европа, на 4 април во 1949 година го формирале Северноатлантскиот пакт во Вашингтон. Како одговор на формирањето на НАТО, СССРго формирала Варшавскиот пакт на 14 мај во 1955 година. Во Варшавскиот пакт биле вклучени сите комунистички земји во Европа, освен Југославија. Југославија била единствената земја, која, ослободувањето од нацистичкиот окупатор,го извојувала самостојно, со минимална помош на Црвената армија. Тито, иако бил комунист обучуван во Русија, одбил да биде руска марионета, па во 1948 година дошол во судир со самиот Сталин и пружил доследен отпор на советските претензии.[158]

Поради случувањата на светската политичка сцена, односно Студената војна меѓу НАТО и Варшавскиот пакт, доаѓа до формирање на Движењето на неврзаните. Ова било идеја на

[158]Џиовски В. (2013). Создавањето и улогата на Варшавскиот пакт во периодот на Студената војна. Магистарски труд. Скопје, стр. 21, 30, 94.

индинскиот премиер, Шри Џавахарлал Нехру, во еден говор во Шри Ланка во 1954 година. Темелите биле поставени во април во 1955 година во индонезискиот град Бандунг. Меѓу присутни биле 29 шефови на држави и влади, а главната улога ја имале југословенскиот претседател Јосип Броз Тито, претседателот на Египет, Џамал Абдел Насер, претседателот на Индонезија, Ахмед Сукарно, премиерот на Индија, Шри Џавахарлал Нехру и претседателот на Гана, Кваме Нкрума. Станувало збор за организација, која обединувала стотици земји и дејствувала по принципот на меѓусебно признавање на: суверенитетот, независноста и интегритетот, немешање во внатрешните работи, ненапаѓање, мирољубива коегзистенција и политика на еднаквост. Се определиле за терминот „*движење*", а не „*организација*", за да се стави до знаење дека работата не требало да ја попречуваат строгите бирократски структури, па затоа движењето се стремело кон активно учество на меѓународната политичка сцена. Иако основните цели на Движењето на неврзаните биле поставени на конференцијата во Бандунг,

основачката конференција била одржана шест години подоцна, во 1961 година во Белград. Меѓу 25 земји – основачи биле: Југославија, Куба, Египет, Авганистан и Индија. Целта на Движењето на неврзаните било да се создаде трета сила, на светската политичката сцена којашто ја создале Истокот и Западот.[159]

Што се однесува до развојот во светот, имало процена дека се води борба меѓу империјалистичките сили, предводени од САДи комунистите, односно СССР, кои се обидувале да владеат со светот без да изберат средства, додека, пак, според Југославија, империјализмот почнал да се насочува кон локални војни, вклучувајќи ги и израелско-арапските војни. Било оценето дека Израел е дел од таквиот империјалистички систем и дека, како негов инструмент, им служи, особено по 1956 година, на целите на американскиот империјализам на Блискиот Исток, пред сè, во арапскиот свет. Првиот поголем конфликт со Израел бил поврзан со нападот врз

[159] Ристеска-Пешевска, М. (1986). Историскиот развиток на Неврзаното движење. Докторска дисертација. Скопје, стр. 67, 70, 95.

Египет, кон крајот на октомври –почетокот на ноември во 1956 година, кога, Египет бил нападнат најпрвин од Израел, а потоа и од Велика Британија и од Франција. Ваквите напади биле осудени од страна на САД, кои, заедно со СССР, настојувале да ги зајакнат своите позиции на Блискиот Исток и во арапскиот свет, па побарале итен состанок на Советот за безбедност. На состанок било донесена Одлука за повлекување на израелската војска. Повлекувањето траело до 16 март во 1967 година. Според Југославија, Израел сѐ повеќе бил во служба на империјалистичките сили и се одалечувал од Велика Британија и од Франција, додека, пак, Југославија сѐ поостро се насочувала кон империјализмот, колонијализмот и го јакнала пријателството со арпските земји.

Југославија го почитувала и правото на постоење на Израел, но она што било спорно за неа биле нејзините граници. Од страна на израелската држава имало неколку обиди Тито да биде посредник меѓу Израел и арапските земји, благодарение на влијанието што го имал во арапскиот свет. Еден од

најпознатите обиди бил оној од 1962 година кога израелскиот претседател на владата, Давид Бен-Гурион, му испратил писмо на Тито, во кое пишувало: „*Бидејќи јас сум свесен за Вашиот однос кон проблемите на мирот и социјалниот напредок, го испратив минатиот месец мојот пријател Дан во Југославија за да ја испитам можноста за средба меѓу нас, јавна или тајна, на која би можеле да разговараме за воспоставување мир меѓу Израел и неговите соседи на Блискиот Исток. Г-дин Дан се сретна со својот пријател Брајниќ и го замоли да открие дали е можна таква средба во блиска иднина. Господинот Брајниќ му рече на Дан дека предлогот е интересен сам по себе и дека вие, господине претседателе, би сакале да добиете писмено известување за случајот... Бидејќи верувам во искрената волја на претседателот Насер да ги води Египет и соседните арапски држави на патот на прогресивниот социјализам, претпоставувам дека тој ја гледа важноста на мирот со соседот како сила што служи за напредок.... Вие, господине претседателе, познат и како еден од најблиските*

*пријатели на претседателот Насер и верувам дека ќе можете да играте одлучувачка улога во олеснувањето на заедничката средба меѓу Израел и Египет за мировни преговори.*“[160] Тука голема улога имал односот со Египет. Насер имал голема почит кон Тито, додека пак Тито во Насер гледал лидер во арапскиот свет. Голема почит кон Тито имала и израелската држава и жалела за ваквиот став на Југославија, кој го зазела, па затоа и бил овој обид. Сепак Тито сметал дека Давид Бен-Гурион претерал со преценувањето на можностите, така што, на крајот, овој обид за средба завршил без успех.

Фактички, најголемиот проблем меѓу владите во Белград и во Тел Авивбил односот на Југославија кон Палестинците. Конкретно, спорот настанал во мај во 1967 година кога Федерацијата на студенти на Југославија и Конфедерацијата на здруженија на Генералниот сојуз на палестински студенти во Југославија, по повод 15 мај, „*Ден на солидарност со арапскиот народ во Палестина*“, во салата на Домот

[160]Lebl A. Prekid Diplomatskih odnosa SFRJ – Izrael 1967. godine, стр. 44.

на синдикатите во Белград бил одржан состанокна којшто биле разменети мислења,кои се однесувале на негирањето на правото на Израел – да постои.

Сепак, кризата, својот врв, го достигнала во 1967 година. На 5 јуни, од страна на Израел, за неколку часа биле уништени аеродромските писти и поголемиот дел одавионите на арапските земји. Војната практично завршила по само три дена. Во војната, главно, биле нападнати египетските воени цели. Протестот што го искажала Југославија бил поради израелскиот воен напад во Синај, каде што израелските воени единици отвориле оган во близина, каде што се наоѓал дел од југословенскиот одред. Изјавата,којашто ја дал Тито, била: „*Владата и народите на СФРЈ со најголема загриженост и огорченост дознаа дека утрово започна израелскиот вооружен напад врз Египет. Како и пред десет години, Израел уште еднаш дејствуваше како агресор и инструмент на империјалистичката политика на сила и притисок врз суверените арапски земји. Владата на СФРЈ најостро ја осудува агресијата на Израел. Владата на СФРЈ верува дека Египет, соочен*

*со постојаното непријателство на Израел и изложена на постојан притисок од империјалистите, презеде оправдани мерки за заштита на неговите суверени права, територијалниот интегритет и безбедноста на својата земја. Во исто време, владата на Египет презеде чекори за да избегне вооружен конфликт и побара решение, поради што се обрати до Советот за безбедност.*“[161] Изјавата што ја дал Тито била два часа по нападот. Во изјавата Тито ја осудува ваквата агресија и барал да се прекине.

На 9 јуни во 1967 година во Москва бил одржан состанок меѓу водачите на комунистичките партии, меѓу кој бил и Тито, што за многумина било изненадување. Со обѕир на тоа што се случувало на Блискиот Исток, Тито сметал дека треба да отиде на состанокот во Москва. На состанокот било одлучено сите социјалистички земји да ги прекинат односите со Израел. Одуката единствено не била прифатена од Романија. По враќањето на Тито од Москва, веднаш

[161]Исто, стр. 48.

била одржано седница во Белград, на 11 јуни, од страна на Централниот комитет на СКЈ. Учесниците на седницата биле известени од страна на Тито дека лидерите на комунистичките партии од него барале да оствари средба со египетскиот претседател Насер. Поради таа мисија, Коста Поповиќ заминал во Каиро. Истиот ден, во 22:00 часот, заменик-државниот секретар за надворешни работи, Мишо Павичевиќ, го повикал израелскиот амбасадор Авигдор Даган и му предал протесна нота дека ако, Израел, не ги повлече своите сили од окупираните територии, Југославија ќе ги прекине односите со неа. На 13 јуни повторно било испратена телеграма во Тел Авив во која било наведено: „*Во текот на овој денсе очекува да бидат прекинати дипломатските односи со Израел.*“[162] Точно во 15:10 часот израелскиот амбасадор Авигдор Даган, од секретарот Павичевиќ, добил нота за прекин на дипломатските односи. Во самата нота било напишано: „*Владата на СФРЈ наведува дека израелската влада го игнорирала предупредувањето*

[162]Исто, стр. 51.

*на владата на СФРЈ изразена во нејзината белешка до израелската амбасада во Белград на 11 јуни и дека продолжила со преземање на активности кои очигледно потврдуваат дека владата на Израел продолжува да спроведува агресија против арапските земји. Владата на СФРЈ затоа одлучи да ги прекине дипломатските односи на СФРЈ со Израел, нагласувајќи повторно дека одговорноста за сите последици што произлегуваат паѓаат исклучиво врз израелската влада*." При самото предавање, амбасадорот Авигдор Даган изразил жалење и надеж дека повторно, во иднина, ќе бидат воспоставени односите меѓу двете земји.[163]

Прекинот на дипломатските односи меѓу Југославија и Израел не резултирал со прекин на врските меѓу Југославија и Светскиот еврејски конгрес. Тие врски продолжиле. На разговор со Тито, во Југославија доаѓал претседателот Нахум Голдман. За таквите разговори Миливоје Максиќ кажл: „*Со Светскиот еврејски конгрес имаше апсолутен*

[163]Исто, стр. 39.

*континуитет. Нахум Голдман ни беше наш чес гостин и водеше разговори со претседателот Тито. И неговиот наследник – го заборавив неговото име – кој беше номиниран за таа позиција, требаше да дојде. Сепак, американскиот претседател го назначи за член на владата, така да он мораше да ја напушти таа позиција и таа посета била одложена. Дојдоа некои други службеници. Светскиот еврејски конгрес отсекогаш бил третиран овде како скапоцена организација, со пошироки ставови отколку што имаше израелската влада. Тој беше одличен посредник прво за нашето разбирање на целиот комплекс на Блискиот Исток и улогата на Израел во сето тоа. Второ, за толкувањето нашите специфични пристапи кон Израел и целата таа област.*“[164] Ова, секако, не значело дека ја оправдува одлуката на Југославија – да ги прекине односите со Израел, но имајќи ја предвид еврејската заедница, не одела на прекумерно заострување на односите со израелската држава.

[164]Исто, стр. 64.

Сепак, прекинот на југословенско-израелските односи се одразил и на еврејската заедница во Југославија. Во Југославија Евреите биле сметани за рамноправни граѓани. Но, главниот проблем на Југославија бил национализмот за кој се водела голема борба. Национализмот за Југославија претставувал најголем проблем за нејзиниот опстанок. Имало поедници од еврејската заедница, кои покажувале солидарност со Израел,со што се поставувало прашањето за нивната солидарност кон југословенскиот комунизам, па, така што на 13 јули во 1967 година Неда Крмпотиќ изјавила: „*Никаде не сум слушнала информации за тоа како се однесуваат нашите еврејски заедници. Сакам да кажам дека сум била сведок на такви изјави на Евреи – комунисти во еврејските заедници иако не сите Евреи се во еврејските заедници – но има наши, би се рекло, делегирани комунистички борци кои реагираат многу лошо. Реакцијата отиде дотаму што се подготви да бидат волонтери, да ја одобруваат војната, а во врска со овој неошовинизам од друг вид, само мислам дека кога ќе се појави големохрватски или*

*големосрпски шовинизам, силно удиравме по глава. И тука уште имаме допир поради таа трагична и несреќна историја, итн. Но, тоа треба да се третира политички, односно да ги сметаме нашите граѓани за еднакви граѓани. Ми се чини дека не обрнуваме внимание на тешките изјави што ги даваат. Го гледам од таа гледна точка дека ако ги сметаме за еднакви Југословени, тогаш тие исто така треба да бидат одговорни за она што го прават, бидејќи еднаков Србин или Хрват е одговорен за шовинизмот, за давање разни изјави итн.*“[165] Но, сепак, Сојузот на еврејските општини во Југославија уште на првиот состанок што го одржале на 5 јуни во 1967 зазеле став дека израелската држава постои и треба да продолжи нејзиното постоење, дека треба да се искористат сите расположливи средства за воспоставување мир на Блискиот Исток и дека треба да се потсети дека дури и во 1956 година Југославија не побарала од еврејската заедница формална осуда на Израел, така што тоа не треба да се очекува ни сега.

[165]Исто, стр. 70.

Со ова, еврејските општини, вклучувајќи ја и обновената еврејска општина во Скопје и Сојузот на еврејските општини во Југославија, се нашле во тешка ситуација бидејќи врз нив биле правени напори да го осудат Израел. Од нив се барало да ја поддржат политиката на Југославија. Врз основа на тоа, активностите на Сојузот на еврејските општини во Југославија донеле заклучок дека заедницата не треба да се истакнува премногу и дека не треба да се дава отворена поддршка за Израел, но исто така и да не се осудува.

## 3.4. Антисемитски појави и процеси во Република Македонија (1991 – 2018

Со осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, опстанокот на еврејската заедница не бил доведен во прашање. Напротив, еврејската заедница зајакнала и веднаш биле пратени барања за прием во сите европски и светски еврејски асоцијации. Еврејската заедница уште од 1992/1993 била примена во сите асоцијации под уставното име на Република Македонија. Кон крајот на осумдесеттите се родила идејата за изградба на Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија. Во втората половина на деведесеттите се засилила идејата за правење на меморијален споменик на жртвите на холокаустот. Главни носители на таа идеја биле: Жамила Колономос, Аврам Садикарио, Благоја Младеновски, Мориц Романо, Роза Русо, Бењамин Самоковлија, Пепо Сион, како и втората генерација на членовите на заедницата, кои, во тоа

време, биле носители на активностите на еврејската заедница на Република Македонија: Виктор Мизрахи, Самуел Садикарио, Здравко Шами, Давид Садикарио и други. Тие, заедно ја презентирале идејата пред македонските авторитети за изградба на Меморијален центар на холокаустот на Евреите во Македонија. Тогашниот претседател на Република Македонија, Киро Глигоров, на 26 април во 1996 година го поставил камен-темелникот во скопското Еврејско Маало на брегот на Вардар, веднаш до Камениот мост.

Како акт на обележување на овие простори дека некогаш живееле луѓе, кои денес ги нема Владата на Република Македонија, во 2000 година, во Законот на денационализација внела одредби за денационализација на имотите на Евреите од Македонија, со кој се обезбедиле средства за изградба на моморијален комлекс посветен на Евреите од Македонија. Предмет на денационализација се имотите на Евреите од Македонија, кои ги напуштиле своите имоти, со присилна депортација, во фашистичките логори, а не го преживеале погромот и

немале наследници. Постапка за враќање на имотите, односно за плаќање на надомест за имотите, од членот 66,Органот за денационализација ја поведува по службена должност штом дојде до сознанија дека постоеле такви имоти. Вратениот имот, односно дадениот надомест,според членот 66 на овој закон, влегува во состав на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија. Средствата од Фондот на членот 68 се наменети за изградба на дом на холокаустот на Евреите од Македонија.

На 2 септември во 2005 година е ставен камен-темелникот на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија во поранешното Еврејско маало во Скопје. Свеченото отворање е направено на 10 март во 2011 година со симболичното враќање на урните со пепел, кои, во 1960 година биле донесени во Македонија од Треблинка, од страна на градските музеи на: Битола, Штип и Скопје. На свеченото отворање имало голем број државници од соседството, претставници на светски и на европски еврејски асоцијации, како и Евреи од Македонија, кои

денес живеат во: Израел, САД, Чиле и други држави во светот.

По обновувањето на еврејската заедница во Македонија сите еврејски и верски празници се празнуваат во склоп на заедницата, а за извршување на верските обреди и служби доаѓа рабин од соседните земји. Еврејската заедница во рамките на своето работење издава Годишен билтен, на 11 март, посветен на спомենот на депортацијата на Евреите од Македонија во Треблинка. Преку еврејската заедница и меморијалниот центар институционално е зајакнат континуитетот на еврејската традиција и култура во Република Македонија. На 26 декември во 2014 година, по повод 70 години од обновувањето на еврејската заедница од холокаустот, претседателот на Република Македонија ѝ додели Повелба на еврејската заедница во Македонија за нивната долгогодишна работа, со што дава значаен придонес во градењето на македонскиот модел на соживот и на демократско општество, како и за унапредување на односите и на соработката со државата Израел.

Навидум, односот на Евреите со останатите заедници во Македонија изгледа добар, на прв поглед. Генерално не постои каков било „судир" меѓу еврејската заедница и другите. Почитувањето и различностите се на највисоко ниво, како политички, така и религиозно. Сепак, и покрај фактот дека денес бројот на Евреи во Македонија е многу мал и изнесува од 150 до 300 членови, благодарение на еврејската заедница, како институција,со помош на Израелската држава успева да ја зачува своите: традиција, култура и религија преку разни семинари, настани, конференции, разни едукативни настани, летни детски кампови и преку соработка со останатите еврејски заедници ширум светот.[166]

И покрај, генерално, добриот однос меѓу Евреите и другите заедници, антисемитските појави спорадично продолжиле да се појавуваат и по осамостојувањето на Македонија во 1991 година. Од страна на поединци или на групи, нацртани кукасти крстови (свастики) се забележуваат низ различни

[166]Прашалник со Викторија Саркисјан (13 септември 2021 г.)

градови во Македонија. Во 1999 година споменикот на Еврејското маало во Скопје бил осквернавен со антисемитска и националистичка содржина. Не може да се одбегне и настанот меѓу 1 и 3 ноември во 2000 година кога еврејските гробишта во Битола биле осквернавени со антисемитска содржина. На овие антисемитски појави и процеси не се имуни ниту македонските спортски настани. На разни спортски натпревари, од одредена група навивачи, може да се забележат разни нацистички симболи. Најчесто тоа се кукасти крстови или таканаречениот келтски крст. Овие симболи, кои се истакнуваат од страна на групи или на поединци, се најчесто оние што мечтаат за нов светски поредок во кој, едноставно, не е предвиден простор за Евреите.[167]

Сепак, ваквите антисемитски појави се резултат и на одредени групи, кои не знаат, ниту прочитале нешто за тоа што е холокаусти токму таквото непознавање на историјата и на историските факти, исто така, може да предизвика доста

[167]Цинго Т. Кога митот исчезнува – антисемитизмот во Македонија, стр. 5. (Во ракопис)

загрижувачка состојба.[168] На самиот влез на старата чаршија во Скопје има голем број тезги на кои се изложени голем број сувенири со ликови на познати историски личности. На 2 февруари во 2019 година еден странски турист за порталот lider.mk вели: „*Она што е чудно е дека ликот на Хитлер и Мајка Тереза се еден до друг. Мајка Тереза добитничка на Нобеловата награда за мир и до неа човекот кој уби милиони луѓе. Чудна комбинација е дека тие се еден до друг.*“[169] Но, како што пишува порталот lider.mk, она што е нјзагрижувачки е дека од сите тие сувенири се најбарани тие со ликот на Хитлер, а самите продавачи речиси и да не се свесни за последиците. За ова, еврејската заедница во Македонија поднела иницијатива до Министерството за правда, да се смени кривичниот закон со којшто ќе биде националсоцијализмот и употребата на неговите симболи, негирањето на холокаустот и ширењето на

[168]Прашалник со Тодор Чепреганов (13 септември 2021 г.)
[169]https://lider.com.mk/skopje/antisemitizam-vo-skopje-se-prodavaat-magneti-so-hitler-i-zname-na-albanija/, пристапено на 11 септември во 2021 г.

антисемитизмот. Како што пишува порталот lider.mk, според изјавата на директорот на Меморијалниот музеј на холокаустот, Горан Садикаријо, таквата иницијатива е прифатена од работната група во Министерството за правда и дека промените се веќе во владина процедура.

На 5 јануари во 2020 година Мерсиха Смаиловиќ упати еден коментар на техничката министерка за труд и социјална политика, Рашела Мизрахи, на една нејзина фотографија што стана вест на неколку портали, како што се: „360 степени“[170] и „Курир“.[171] На фотографијата во која Рашела Мизрахи додека дава интервју, во заднина каде што се гледало знамето на ВМРО-ДПМНЕ, Мерсиха Смаиловиќ, со еден коментар прави паралела меѓу чинот на Мизрахи и поставувањето знаме во кабинетот на претседателот на Собранието, Талат Џафери, со што упатува антисемитска порака:

[170]https://360stepeni.mk/humanitarkata-mersiha-smailovik-pod-napad-za-antisemitizam/, пристапено на 10 септември во 2021 г.
[171]https://kurir.mk/makedonija/vesti/mersiha-od-sdsm-so-nacistichka-poraka-rashela-stavi-si-davidova-dzvezda/, пристапено на 10 септември во 2021 г.

*„... не ја претставува Албанија туку тоа е знамето на албанската заедница во Македонија, а нејзиното е класично партиско. Да беше давидовата ѕвезда никому ништо!!!*“ Овој коментар на Мерсиха Смаиловиќ претставува класичен пример на антисемитизам ако се има предвид дека со доаѓањето на Нацистичката партија на власт Евреите беа приморани да ја носат Давидовата ѕвезда. Друг напад на антисемитизам насочен кон Рашела Мизрахи е кога на 5 јануари во 2020 година, Видана Бошкова-Мицевска напишла: „*Не ми пречи што Рашела Мизрахи упаднала во фашистичка партија. Сигурно и кај нацистите во влада имало Евреи кои се бореле за плата и социјални права на Евреите.*“[172]

Но, антисементизмот е присутен и кон државата Израел. Во нападите што се случија меѓу Израел и Палестина, во кои десетици ракети беа испукани кон Израел и бомбардирањето на Дамаск од страна на Израел на 17 мај во 2019 година, неколку

[172]https://lider.com.mk/makedonija/sharena-revolucionerka-shiri-antisemitizam-sigurno-i-kaj-nacistite-vo-vlada-imalo-evrei-koi-se-borele-za-plata/, пристапено на 10 септември во 2021 г.

медиуми во Македонија ги објавиа ваквите напади. Направената објава од страна на македонските портали: „factor.mk“[173] и „infomax.mk“[174] предизвика, голем број поединци, да упатат антисемитски и антиизраелски коментари. Таквите коментари беа зачинети со голем број пцости и стереотипи, со што се открива говор на омраза спрема Израел и спрема божемниот план на Евреите да го конторлираат светот. И во последните напади што се случија на 14 мај во 2021 година меѓу Израел и Палестина имаше голем број антисемитски коментари по социјалните мрежи. Како индиректен сведок, во последните напади во кој Израел беше рекетиран две седмици

[173]https://www.faktor.mk/video-desetici-raketi-ispukani-kon-izrael-edna-eksplodirashe-na avtopat?fbclid=IwAR03taTOjtsiz0hSW3X8QlZiJf3BsLeyd4FUp0o47IAXheH2oGvYANI38Ts, пристапено на 11 септември во 2021 г.

[174]https://infomax.mk/wp/%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB-%D0%B3%D0%BE-%D0%B1om%D0%B1ap%D0%B4%D0%B8pa%D1%88e%D0%B4%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0ap/?fbclid=IwAR1oRUvmy4Lbx4vubKYVJsBM_iHgMQhIgqsk0fvWY3a0Oa2oibiGCAyU2KI , пристапено на 11 септември во 2021 г.)

денонoќно, во прашалникот што го направив со Викторија Саркисјан, таа сведочи: „... *читајќи ги повеќето коментари, од кои повеќето беа антисемитски (како Хитлер добро им правел на Евреите, требало сите да ги убие, никој да не остане, тие го прават истото на Палестинците, Израел се терористи, дека Израел не дава вода во Газа, ги убива палестинските деца итн. ...). Искрено, бев многу негативно изненадена кога видов колку има омраза во Македонија кон Евреите*."[175] И покрај фактот што никој од нејзиното семејство се немале соочено со некаков вид дискриминација, сепак, во последните напади што се случија, во еден од коментарите, Викторија Саркисјан била наречена ционист. Но, како што кажува и самата, тука станува збор за незнаење што е тоа ционизам, односно во светот постои една антисемитска теза со која ционистите ги поврзуваат со глобалистите (односно со фамилијата Ротшилд) кои божемно подготвуваат нов светски поредок, во кој ќе управуваат Евреите.[176]

[175]Прашалник со Викторија Саркисјан (13 септември 2021 г.)
[176]Исто.

Според Викторија, и денес антисемитизмот повторно е присутен од страна на македонските антиваксери, кои ја поврзуваат короната со Евреите.[177] Објавувањето на Давидовата ѕвезда на која пишува „СТОП ЗА ПРИСИЛНА ВАКЦИНАЦИЈА“ и споредбата со прогонот на Евреите, тие двојно го понижуваат страдањето на Евреите, ставајќи се себеси како иста „*жртва*“ со Евреите бидејќи тоа покажува дека тие никогаш, во суштина, не сфатиле што значи тоа антисемитизам. Во својата колумна, објавена на 23 август во 2021 година, Кица Колбе пишува: „*Пред некој ден еден од нив тврдеше дека'Хитлер бил поодмерен и фер кон Евреите', за разлика од денешните застапници на вакцината против коронавирусот.*“[178] Сепак, со ваквите изјави македонските антиваксери се ставаат

[177]Исто.
[178]https://www.dw.com/mk/%D0%BA%D0%BE%D0%B3%D0%B0%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BA%D1%81%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5-%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D1%81%D0%BE-%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B8%D1%82%D0%B5/a-58953605, пристапено на 10 септември 2021 г.

во иста група со германските десничари и неонацисти, односно таквите луѓе ја прифаќаат идеологијата на антисементизмот.

Како и нацистичкиот антисемитизам, така и овој примитивен антисемитизам е инспириран од теориите на заговор за божемнит скриен план на Евреите – да се збогатат и да завладеат со светот, а таквите теории на заговор само полесно придонесуваат да се надминат границите на човековиот морал и хуманоста. Затоа, тие не го препознаваат злото што го причинуваат самите, туку повторно го бараат во вечните виновници, односно во Евреите.

# Заклучок

Евреите претставуваат народ чиишто вера и култура се разликуваат од верата и од културата на другите народи, односно со оние со кои живееле едни покрај други. Токму ваквите различности придонеле за создавање на стереотипи и антисемитски појави во Македонија. Тука е основната причина како различноста на една група придонела за создавањето на антисемитизмот, кој, всушност, ги става Евреите во групата на омраза, според нивните принципи за живот, кои,со сите сили, се трудат да ги задржат. Според Бернард Лазар, францускиот литературен критичар, од еврејско потекло: „*Евреинот е само еден од факторите на антисемитизмот; го предизвикува со своето присуство, но не го одредува само тој. Народите помеѓу кои живееле Израелците, нивните манири, нивните обичаи, нивната религија, филозофија, дури и народите помеѓу кои се развил Израел, го одредуваат посебниот карактер на*

*антисемитизмот, кој се менува во зависност од времето и просторот“*[179].

И покрај стериотипите со кои се претставувале Евреите како многу богати луѓе, кои владееле со трговијата и ги контролирале пазарите и размената на стоки, еврејското население, кое живеело во Македонија, било особено сиромашно. Условите во коишто живееле биле многу лоши, што пак било причина многу Евреи да ги испишат своите деца од училиште, елиминирајќи ја секоја шанса за добро образование и за избор на животната професија. Сепак, и во најтешките услови, дури и кога им се заканувала опасност, Евреите успеале да останат доследни на своите јазик, култура и обичаи.

Соживот меѓу Евреите и другите народи во Македонија имало, но сепак постоела некоја граница. Нивните специфики во образованието, верскиот живот, професиите, јазикот и културата ги одделило од другите. И покрај тоа што Евреите живееле во градови со мешан етнички состав и имале секојдневна

[179]Цинго Т., Кога митот исчезнува – антисемитизмот во Македонија (во ракопис).

комуникација со другите заедници, тие, сепак, дејствувале во своите микро средини и на тој начин се издвојувале од околината. Токму овие различности поттикнувале стереотипи и антисемитски појави. Такви се случаите кога, во Скопје, во Битола и во Штип, повозрасните Македонци ги заплашувале своите деца да не одат навечер во еврејското маало бидејќи: „*Евреите ќе ги фатат, ќе ги стават во буре со шајки, ќе ги тркалаат по надолнина и потоа ќе им ја пијат крвта бидејќи на тој начин тие се причестувале*“.

Поради влијанието на настаните во нацистичка Германија, во 1939 година, се забележуваат и првите знаци на државен антисемитизам. Трите закони што биле донесени од Владата на Драгиша Цветковиќ само ги подготвило Евреите кон она што следувало по април во 1941 година и по окупацијата на вардарскиот дел на Македонија од страна на: Германија, Италија и Бугарија. Оттогаш започнале и мерките против еврејското население, кое најпрвин било проследено со ограбувањето на еврејските продавници во центарот на градот Штип од страна на локалното

население, додека сè уште биле под германска окупација. Со навлегувањето на бугарската војска на територијата на Македонија доаѓа до промена на животот на Македонците. Започнала политиката на асимилација и на денационализација. Од друга страна, пак, со спроведување на бугарскиот „*Закон за заштита на нацијата*“, Евреите биле подложени на најригорозни мерки. Имало случаи и кога поединци или мали групи ја користеле оваа неповолна положба во која се нашле македонските Евреи за остварување на личен профит, како што бил случајот со адвокатот Тренчев од Битола. Со бугарскиот „*Закон за заштита на нацијата*“, на Евреите им биле ограничени низа граѓански права, така што биле приморани да го предадат целото свое богатсво во Бугарската народна банка, да плаќаат високи даноци, да ги обележат своите живеалишта, да не излегуваат од своите домови, да ја носат Давидовата ѕвезда, да не смеат да работат одредени професии за кои бугарските власти процениле дека се опасни за поредокот на Царството Бугарија. Со спроведувањето на ваквите мерки Евреите биле лишени од најосновните човекови

права. Сепак, ваквите ограничувања, кои станале секојдневие на македонските Евреи, биле само дел од процесот што подоцна бил проследен со транспортот во скопскиот Монопол. По неколку дена, повеќе од 7000 македонски Евреи биле депортирани во концентрациониот логор Треблинка, каде што никој не преживеал, а нивниот движен и недвижен имот бил конфискуван и продаван од страна на лицата, кои биле лојални на бугарските власти.

Во првите повоени години, малкумината Евреи од Македонија, кои го преживеале холокаустот,се соочиле со предизвикот да ја обноват работата на еврејските општини, кои влегле во рамките на Сојузот на еврејските општини на Југославија, што е резултат на нивната традиција – да живеат организиран живот во рамките на државите, каде што се наоѓаат. Преживеаните Евреи од холокаустот биле дел од тие општини и по војната само го оживеале нивното функционирање во нови услови. Сепак, со прогласувањето на независноста на Израел во 1948 година, веднаш започнал еден процес на иселување, во кој, големо влијание имал ционизмот, кој, како

крајна цел на секој Евреин, го пропагирало нивното враќање во ветената земја. Сепак, како резултат на случувањата на Блискиот Исток во 1967 година, доаѓа до прекин на израелско-југословенските односи. Прекинот на израелско-југословенските односи се одразил и на еврејската заедница, која се нашла во тешка ситуација, бидејќи од нив било побарано да ја поддржат политиката на Југославија и да го осудат Израел.

По осамостојувањето на Република Македонија во 1991 година, доаѓа и до обновување на еврејската заедница. И покрај, генерално, добриот однос што бил воспоставен со другите заедници, антисемитските појави продолжиле да се појавуваат од страна на поединци или на групи, кои мечтаат за нов светски поредок, во кој, едноставно, не е предвиден простор за Евреите, а, во последниов период, особено на социјалните мрежи, повторно сме сведоци на антијудаизмот, кој, за разлика од антисемитизмот, е базиран врз расна и етничка омраза и антиционизмот, односно омразата кон државата Израел, инспириран од теориите на заговор за

божемниот скриен план на Евреите да се збогатат и да завладеат со светот.

Сите овие антисемитски појави во минатото и денес, иако никогаш немале цврста основа во Македонија, ниту пак имале институционален карактер, постојано биле присутни во една завиена форма. Токму тука лежи опасноста и затоа државата треба да преземе некои мерки и да ја санкционира и најмалата појава на антисемитизам, односно да ги сосече во корен. Бидејќи сè додека се инциденти ваквите појави, тие можат да се контролираат. Сепак, треба да се има предвид и образованието бидејќи, само преку правилна едукација, би можело да се постигне подобрување.

Имајќи предвид дека историјата се повторува, задачата на мојата и на идните генерации е да направиме сè што е во наша моќ – да го истиснеме или целосно да го елиминираме антисемитизмот од овие простори бидејќи, како што кажал и германскиот историчар, Јан Асман: „*Само општеството што памети, е способно да се промени.*“

# Користени извори и литература

## Извори

### Необјавени извори

1. United States Holocaust Memorial Museum, САД Digital collection.
2. Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија.

### Државен архив на Република Македонија, подрачно одделение Скопје

1. Фонд *Скопска еврејска општина*.

### Прашалници

1. Прашалник со Тодор Чепреганов (13 септември 2021).
2. Прашалник со Викторија Саркисјан (13 септември 2021).

**Објавени извори**


1. Асани, С., Малиќи, Н., Поповски, В. (2020). *Базичното антисемитско законодавство на царството Бугарија,* Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје.
2. Весковиќ В. В., Колономос, Ж. (1986). *Евреите во Македонија во Втората светска војна*, том I и II, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје.
3. Гринбергъ, Н. (1945). Централна консистория на евреите въ България, София.
4. Ѓоргиев, Д. (2014). *Македонските Евреи во османлиските пописи од XVI и од XIX век*, Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје.
5. Данова, Н. Х., Аврамов, Р. Л. (2013). *Депортирането на евреите от Вардарска Македония, Беломорска Тракия и Пирот, март 1943 г.,* Български хелзинкски комитет, София, 2013.

**Усна историја (сведоштва)**


1. Gorgi Hadzi Nikolov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 14, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50875
2. Bistrica Mirkolovska interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 21, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50895
3. Trajko Grujoski interviewed by Teon Dzingo, Rakovo (Kraterό), May 20, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50893

4. Dimitar Kotevski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50884
5. Trajko Stamatoski interviewed by TeonDzingo, Skopje, May 20, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50892
6. Kole Rakatkov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50877
7. Dimitar Dimitrovski Takec interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States

Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50885

8. Gjorgi Dimovski interviewed by Teon Dzingo, Bitola, May 17, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50883
9. Goluba Bochvarska interviewed by Nathan Beyrak, Shtip, March 01, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84388
10. Natalija Ivanova interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на

https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50878

11. Tome Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 19, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn50889
12. Aleksandar Nikolovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, June 04, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84385
13. Milan Terzovski interviewed by Teon Dzingo, Kumanovo, Juni03, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84383

14. Dimitar Andonov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, June 05, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84391
15. Vera Krstevska interviewed by Teon Dzingo, Bitola, June 03, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84380
16. Ljupcho Filipovski interviewed by Teon Dzingo, Belgrade, June 02, 2014, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn84382
17. Aleksandar Hadzi-Andov interviewed by Teon Dzingo, Shtip, March 15, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation,

достапно на https://collections.ushmm.org/search/ catalog/irn 0879

18. Ljubica Mitkova interviewed by Teon Dzingo, Shtip, May 16, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn5 0881
19. Cvetan Todorovski interviewed by Teon Dzingo, Skopje, May 18, 2012, United States Holocaust Memorial Museum Collection, courtesy of the Jeff and Toby Herr Foundation, достапно на https://collections.ushmm.org/search/catalog/irn5 0888

## Литература

### Монографии


1. Аџиовски В. (2013). *Создавањето и улогата на Варшавскиот пакт во периодот на Студената војна*, Скопје
2. Албохер, Ш. (2010). *Евреите од Монастир, Македонија: животот и времето во кое живееше некогашната еврејска заедница во Монастир*. Фонд на Холокаустот на Евреите од Македонија.
3. Беренбаум М. (2013). *Евреите во Македонија за време на Втората светска војна*. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, Скопје.
4. Коен Л. (2012). *Ти вярваш: 8 погледа върху Холокоста на Балканите*, София.
5. Колономос, Ж.-А. (2013). *Движењето на отпорот и Евреите од Македонија = La rezistensiai los djudios de la Makedonia*. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија.

6. Камхи Р. (2013).Спомени на един Евреин македонски революционер, София.
7. Лебл, Ж. (2013). *Плима и слом: од историјата на Евреите во Вардарска Македонија*. Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија.
8. Матковски А. (1982). *Историјата на Евреите во Македонија,* Скопје.
9. Ристеска-Пешевска, М. (1986). *Историскиот развиток на Неврзаното движење*, Скопје.
10. Суша М. (2020). Македонски носители на почесното признание,*Праведник меѓу народите*, Скопје.
11. Харалампие, П. (1989). Никулците на новата македонска книжевност, Скопје.
12. Шукарова А., Б. Панов М., Ѓоргиев Д., Битовски К., Катарџиев И., Стојчев В., Вељановски Н., Чепреганов, Т. (2008). *Историја на македонскиот народ,* Институт за национална историја, Скопје.
13. Радовановић М. (Београд). *Исељавање југословенских Јевреа у Израел 1948/9*

14. Радовановић Р. Милан (2015). *Исељавање Јевреа из Југославије у Израел (1948 –1952)*, Београд.
15. Lebl A. *Prekid diplomatskih odnosa SFRJ – Izrael 1967*. Godine.
16. Sekelj, L. *Antisemitizam u Jugoslaviji* (1918 – 1945).
17. Йелавич, Б. (2003). История на Балканите XX век, том II, София.

**Спомени, дневници, мемоари, сведоштва**

1. ФиловБ. (1990). *Дневник,* Издателство на отечествения фронт, София.
2. Rajchman C. (2014). *Ja sam posljednji Židov,* Fraktura, Zagreb.

**Зборници на трудови и статии**

1. Дипломатијата и депортацијата на македонските Евреи во 1943 / Diplomacy and deportation of Macedonian Jews in 1943. Зборник на прилози од меѓународната научна конференција Дипломатијата и депортацијата

на македонските Евреи во 1943, одржана во Скопје на 27 јануари 2015 година, Дипломатски клуб – Скопје, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 2016.
2. Пешевска, М. (2013). Односите меѓу Големите сили непосредно по Втората светска војна – Студена војна. Годишен зборник на Филозофскиот факултет , Скопје.
3. Џинго Т. Кога митот исчезнува – антисемитизмот во Македонија. (Во ракопис)

## Интернетски страници

1. https://lider.com.mk/skopje/antisemitizam-vo-skopje-se-prodavaat-magneti-so hitler-i-zname-na-albanija/
2. https://360stepeni.mk/humanitarkata-mersiha-smailovik-pod-napad-za-antisemitizam/

3. https://kurir.mk/makedonija/vesti/mersiha-od-sdsm-so-nacistichka-poraka-rashela-stavi-si-davidova-dzvezda/
4. https://lider.com.mk/makedonija/sharena-revolucionerka-shiri-antisemitizam-sigurno-i-kaj-nacistite-vo-vlada-imalo-evrei-koi-se-borele-za-plata/
5. https://www.dw.com/mk/%D0%BA%D0%BE%D0%B3%D0%B0-%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D0%BA%D1%81%D0%B5%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D1%81%D0%B5%D1%81%D0%BF%D0%BE%D1%80%D0%B5%D0%B4%D1%83%D0%B2%D0%B0%D0%B0%D1%82-%D1%81%D0%BE%D0%B5%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B8%D1%82%D0%B5/a-58953605
6. https://www.faktor.mk/video-desetici-raketi-ispukani-kon-izrael-edna-eksplodirashe-na%20%20avtopat?fbclid=IwAR03taTOjtsiz0hSW3X8QlZiJf3BsLeyd4FUp0o47IAXheH2oGvYANI38Ts

7. https://infomax.mk/wp/%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB-%D0%B3%D0%BE-%D0%B1om%D0%B1ap%D0%B4%D0%B8pa%D1%88e-%D0%B4%D0%B0%D0%BC%D0%B0%D1%81%D0%BA%D0%B8%D0%B7%D1%80%D0%B0%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B0%D1%82%D0%B0ap/?fbclid=IwAR1oRUvmy4Lbx4vubKYVJsBM_iHgMQhIgqsk0fvWY3a0Oa2oibiGCAyU2KI

